# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ
## од Второто продолжение на Осумдесет и првата седница на Собранието на Република Македонија , одржана на 19 октомври 2004 година

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија сала, 1 со почеток во 10,00 часот.

Пртениците Лилјана Иванова, Трифун Костовски, Љубе Бошковски, Љупчо Георгиевски, Сашко Кедев, Ганка Самоилова - Цветанова, Петар Наумовски, Орданчо Тасев, Коце Трајановски, Никола Груевски, Али Ахмети и Мендух Тачи, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Ги молам, координаторите на пратеничките групи да се договорат дали од утре да почнеме да работиме од 11,00 часот иако претпоставувам дека и тогаш пак 11,30 ќе биде. Нека се договорат коордианторите, инаку вака губиме по пола час, да се собереме.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот за изменување и дополнување на буџетот на Република Македонија за 2004 година.

Претресот по амандманот на раздел 02001 програма 11, ставка 427 потставка 4027122 и на раздел 14001, прогрма 12, ставка 467, потставка 467212, поднесенод пратениците Никола Груевски, Силвна Бонева и Илија Србиновски, е заклучен.

Бидејќи немаме доволен број на пратеници кои се пристигнати, потпишани и земено картичка, објавувам пауза до 10,30 часот.

(По паузата седницата продолжи со работа во 10.30 часот.)

Ги молам службите да го утврдат бројот на присутни пратеници во салата.

Во салата се присутни 62 пратеници.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Во салата се присутни 63 пратеници.

Гласале 66 пратеници, за амандманот гласале 6, еден воздржан и 53 гласале против амандманот.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на раздел 02 001 програма 11, став 466, одставка 466118 и на раздел 01001, програма 11, ставка 427, потставка 427122, поднесен од пратениците Никола Груевски и Ганка Самоиловска Цветановска.

Го молам претставникот да се произнесе.

Има збор министерот за финансии.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа затоа што ливчињата за референдум и за избори се печатат на заштитена хартија. Собраниската печатница не можде да се оспособи за такво печатење и со поголеми износи од овде што се предлагаат и затоа амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не е прифатен.

Дали некој друг бара зборт.

Повелете г-дине Китановски имате збор.

ИЛИЈА КИТАНОВСКИ:

Измената се предлага не само за подобрување на финансиската состојба на Собраниската печатница, во однос на печатење на службени материјали ки се однесуваат на самиот чин на гласање на референдумот, туку и за оние материјали кои значат промоција и поттикнување на граѓаните за излегување на референдумот како највисок демократски чин. Така што образложението дека заради хартијата станува проблемот зошто овие средства не се реалоцираат, не држи и дека амандманот треба да биде прифатен.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да глааме.

Гласале 62 пратеници, 4 гласале за амандманот, нема воздржан 58 гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на раздел 04 001 програма 11 ставка 468 потставка 468111 и на раздел 09002 програма 12 ставк 443 потставка 443314, поднесен од пратениците Никола Груевски, Силвана Бонева и Сашко Ќедев.

Го молам претставникот на Владата да се произнее.

Има збор министерот за финансии.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Со оглед на тоа што од буџетот годишно за потребите на Агенцијата за вработување, за разни намени таму се префлраат над 5 милијарди денари, овие 5 милиони се незначителна сума и не можат ништо да влијаат, а плус за намената за преквалификација на вработените средства се префрлаат и постојат во разделот на буџетот, нема потреба од дополнителни средства до крајот на годината.

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не е прифатен.

Повелете г-ѓо Бонева имате збор.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Образложението на г-динот министер дека се делат над 5 милијарди денари за обука и прекфалификација, меѓутоа досег на овеќе наши барања не сме добиле навистина извештај каде Агенцијата за вработување ги наменува овие пари и кои ги има искористено овие пари. Токму заради тоа и се предвидува. Ова е и незначителна сума од буџетот, со ребалансот, која треба да се намени се со една цел да се ублажат последиците од спроведување на реформата на јавната администрација, а повторно се однесув на обука и преквалификација на нејзините вработени луѓето да не се најдат на улица, туку со преквалификација да им се даде можност за нивно повторно врботување.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 68 пратеници, 7 гласале за, воздржани нема, 61 гласале против.

Констатирам дека Собрнаието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на раздел 09002, програма 12 ставка 443 потставка 443717 и на раздел 16001 програма 12 ставка 468 потставка 468211, поднесен од пратеникот Илија Србиновски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Средстсвата за обнова на насадите кои настрадале во елементарните непогоди, не се обезбедуваат од буџетот на Република Македонија, туку од посебен фонд, врз основа на законот за одвојување на дневница, кој го донесе Собранието и

од таму ќе се надоместуваат, што значи дека нема потреба од буџетот да се двојат средства за истата намена, ќе се наменат во друге средства и Владата тоа го прави.

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа.

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 69 пратеници, за амандманот гласале 8, 1 воздржан и 60 пратеници се против амандманот.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на раздел 10001, програма 16 ставка 443 потставка 443819 и на раздел 04002 програма 11 ставка 468 потставка 468111, поднесен од пратеникот Илија Китановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Претседателе, Владата одамна веќе во буџетот не предвидува намени. Тоа не е оваа година, туку деценија и повеќе наназад, за комерцијални кредити на мали и средни претпријатија, затоа што не е намената на буџетот за комерцијално кредитирање, а тоа го обезбедуваме преку кредити од надвор кои се пласираат најчесто преку Македонската банка за поддршка на развојот и комерцијалните банки. Такви кредити има могу. Дел од нив се и неискористени. Така што буџетски средства за такви намени неможе да се одвојуваат.

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не е прифатен.

Повелете господине Китановски имате збор.

ИЛИЈА КИТАНОВСКИ:

Мислам дека образложението не држи затоа што  постои и ставка и потставка која изнесува 25 милиони предлогот е да стои 55 милиони. Значи тој дел од образложението на министерот не е прифалтив.

Инаку, генерално сметам дека во услови кога економијата во државата е во тотален колапс, во однос на вкупните средства овие изгледаат малку и таму каде што се може, сигурно од други потставки и позиции кои се помалку битни, како што е оваа за реконструкција на градежни објекти од Службата за општи и заеднички работи да се пренаменат средства токму за развој на овие малите и средни претпријатија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор?

Повелете министре имате збор.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господинот Илија Китановски, претпоставувам, со добри намери ќе направи грешка.

Прво симнување од разделот што го спомна, од реконструкција и изградба е токму симнување од најкритикуваните стапки, капитални инвестиции. Сега ние ако и понатаму од капиталните инвестиции симнуваме, дури и од ребалансот е во погрешна насока, дури и од тоа што самиот го говореше во општата расправа, а средствата каде што сака да се додадат се средства за администрацијата во Министерството за економија кое се бави со малите и средните претпријатија како администрација. Нема потреба од уште дополнителни 30 милиони за преостанатите два-три месеци од годината, затоа што за администрацијата тоа е преголема ставка.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Повелете г-дине Китановски имате една минута.

ИЛИЈА КИТАНОВСКИ:

Тешко на д ржавата ако капиталните инвестиции ни се во владините објекти.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збот? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 66 пратеници, за гласале 6 пратеници, 1 воздржан и 59 гласале против амандманот.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на раздел 121001, програма 47 ставка 471 потставка 471119 и на раздел 09002 програма 13 ставка 462 потставка 4622112, поднесен од пратениците Силвана Бонева и Ефтим Манев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Владата од други извори обезбедува средства за функционирање на системот за спас на Дјранско езеро,  а всушност на ваков начин и не може, затоа што се работи за основано јавно претријатие со Буџетски трансфери. Меѓутоа Владата во текот на 2005 година ќе достави, заедно и со буџетот, концепт за надминување на ситуацијата со овој проблем кој е создаден на начин кој не требало да биде и ќе дојде до трансформација на јавното претпријатије за да може да се решава проблемот на здрави основи. Претпријатието сега нема извори на приходи има само расходи. Осановано е така да кажам со срцева маана во процесот на основање на претпријатието и тоа ќе се реши на поинаков начин.

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор?

СИЛВАНА БОНЕВА:

Почитувани дами и господа овој  амандман е од огромно значење за непречено функционирање на системот за спас на Дојранското Езеро. Знаете дека повеќе месеци тоа го зборувавме и пред неколку време на седница на пратенички прашања, дека навистина е катастрофална состојбата на хидросистемот дека вработените веќе се од 8 во штрајк, дека немаат минимум услови за работа, 4 месеци  немаат плата, не им се исплатени придонеси за повеќе месеци, а најлошото од се  е тоа што немаат воопшто средтва и не им се дава од државата веќе извесен период наназад средства за одржување на механизацијата, значи за техничко одржување на техниката. Не само што е доведен во опасност функционирањто на системот, можно е врботените и стручните лица таму предупредуваат и на хаварија на системот во моментот работи само една пумпа, нема ни едно стручно лице, бидејќи се избркани во моментов од работа и токму заради тоа и штрајкуваат вработените.

Она што кажа г-динот министер дека од други извори се обезбедуваат средства, не треба од буџетот, сметам дека тоа навистина не е сериозно однесување кон еден толку важен хидросистем за спас на Дојранското Езеро. 205

година е далеку. Сметам дека таа срцева мана, како што кажа министерот, треба сериозно уште сега да се разгледа, не дај боже инфарктот да следи многу брзо, тогаш незнам што е се случи доколку настане хаварија, кој е биде одговорен и кој ќе ги сноси последиците, за евентуални жртви кои може да настанат, меѓутоа и за тотално прекинување со работа хидросистемот за спас на Дојранско Езеро. Затоа ги повикувам пратениците да гласаат за овој амандман со кој ќе се обезбеди непреченото функционирање на системот за спас на Дојранското Езеро.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор. (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам прересот по амандманот. Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 67 пратеници, 7 гласале за амандманот. 1 воздржан и 59 против амандманот.

Констатирам дека собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на раздел 13001 програма 11 ставка 427 потставка 427118 и на раздел 14001 програма 11, за додавање нова ставка 467, поднесен од пратениците Силвана Бонева, Ефтим Манев, Ѓорѓе Паљошкоски и Илија Србиновски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Овде се работи за истиот амандман,  како и претходно.

Владата одвои за последиците од поплавите, средства од резервите на Буџетот, се додека не почна риливот по основ на посебните средства со солидарната дневници. Од тој  момент натаму, од буџетот веќе на издвојуваме од посебниот фонд за солидарна дневница и тие седства се трошат и ќе се трошат до крајот на 2004 година со оглед што не се врзани календарски со буџетот. Од тие причини од буџетот веќе не одвојуваме за тоа што има доволен фонд на друга страна. Ги молам сите пратеници да имаат разбирање за последиците од поплавата, средстватасе надвор од Буџетот ,, не се во рамките на овој Буџерт и тие намени не можеме да ги прифатиме назад за Буцетот, затоа што ќе останат неискористени другите средства. Затоа не го прифаќаме овој амандман.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој бара збор?

СИЛВАНА БОНЕВА:

Бидејќи од тој посебен доволен фонд кој се наоѓа на друга страна, луѓето во Република Македонија кои беа зафатени со поплавите навистина не видоа многу фајде. Деновиве минуваме низ многу села во Република Македонија и гледаме дека некои воопшто немаат добиено ниту денар. Сметам дека државата навистина треба да поведе сметка, бидејќи е сезона ког почнуваат дождовите. Да не ни се случи повторно собирање на дневници и повторно носсење незакони, сметам дека е неопходно да се исчистат системите за одводнување. Државата сериозно да го разгледа тоа. Доста слушавме и од министерот Петров дека каналската мрежа не е причина за поплавите.

Сметам доколку се исчистат каналите и со одреди одделен фонд на средства, нема да ни се повторат, барем не во толкав обем, настаните што се случија пред некоку месеци, со поплавите. Мислам дека ова е многу сериозна работа, и колегите пратеници треба да размислат и позитивно да се изјаснат за овој амандман, барем овој дел на средствата што се предвидуваат да се наменат на чистење на каналската мрежа во Република Македонија, барем во одрачјата што беа загрозени во Поплавите.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој дрјуг бара збор? (Никој)

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 66 пратеници, 8 за амандманот, нема воздржани, 58 против амандманот.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на раздел 13001 програма 11 ставка 467 потставка 467121 и на раздел 12101 програма 12 ставка 468 потставка 468115 поднесен од пратениците Никола Груевски, Ганка Самоиловска Цветанова, Силвана Бонева, Илија Китановски и Ефтим Манев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии Никола Поповски.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа, затоа што за раселените лица до крајот на годината буџетот овозможува исто ниво на финансирање на нивните потреби како и во изминатите 10 месеци, односно 9,5 месеци во овој момент и нема потреба од дополнителни средства. А дополнотелно на тоа со амандманот се предлага да се зафатат средства од издвоените за решавање на проблемот Рамина во Велес и со еколошката катастрофа на САСА со излевањето на таа загадена материја. Тие средства се веќе употребени за санација и на Рамина и на САСА, така што сега одземање на тие средства, практично ќе останат непокриени трошоци кои се веќе потрошени. Така што ваков амандман неможеме да прифатиме. Сепак, ова е ребаланс и голем дел од намените се веќе потрошени и сега ова враќање station наназад и технички е невозможно.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збо?

Има збор Силвана Бонева.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Г-динот министер кажа дека за раселените е предвидено исто ниво за финансирање на нивните потреби и нема потреба од дополнителни средства. Јас сметам дека има потреба , тоа го сметаат и раселените кои што се наоѓаат во прифатните центри. Обврска на Република Македонија како држава е и обврските од Рамковниот договор кои што се однесуваат за раселените лица да ги спроведе. Доколку неможе да ги врати во своите домови безбедно да живеат, сметам дека треба да им се овозможат достоинствени услови за нивен живот и опстанок. Токму заради тоа се предвидени овие средства и сметам дека треба да биде прифатен овој амандман и да се најдат средства за подостоинствено живеење на раселените лица и за нивно враќање во нивните домови.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? Никој.

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 67 пратеници, 6 гласале за амандманот, нема воздржани, 61 против амандманот.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на раздел 13001 програма 11 ставка 468 потставка 468113 и на раздел 09002 програма 12 ставка 463 потставка 463212 поднесен од пратениците Никола Груевски, Силвана Бонева , Илија Китановски, Илија Србиновски и Ефтим Манев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Република Македонија во Фондот за патишта годишно има буџет од околу 5,1 милијарда денари, 5 милијарди и 100 милиони денари, а со овој амандман се предлага да се додадат уште 10 милиони денари со цел да се обезбеди поефикасна и подобра комуникација на патната мрежа. Сосема е јасно дека наспроти одвоените 5 милијарди и 100 милиони, овие 10 милиони нема ништо да придонесат, а секое дополнително двоење во фаза на ребаланс при крајот на годината за оваа намена нема да може технички да се обезбеди тоа да се заврши преку процесот на јавни набавки. Затоа амандманот е невозможно да се прифати.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор Силвана Бонева.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Почитуван г-дине министре и јас сметам дека 10 милиони денари навистина не се ништо. Меѓутоа, ако секој ден се возите по патот Струмица - Радовиш, односно Струмица - Штип и пет метра асфалт да имате повеќе, ќе значи многу за вас, а не секој ден да се возите по коцки кои што потскокнуваат и го удираат возилото одоздола. Сметам дека и овие 10 милиони денари да се стават барем неколку км. асфалт значат за сите граѓани од овој дел на Република Македонија. Мислам дека конечно граѓаните треба да ги почувствуваат овие 5,1милијарда денари од Фондот за патишта и во источниот дел на Македонија да видат дека оваа држава води сметка за развој на патната мрежа и во овој дел на Република Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 68 пратеници, 12 гласале за амандманот, еден воздржан, 55 се против амандманот.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес на раздел 13001 програма 11 ставка 471 потставка 471117 и на раздел 09002 програма 12 ставка 428 потставка 428112 поднесен од пратеникот Марија Којзеклиска под архивски број 07-3727/23 .

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Г-ѓата Којзеклиска предлага износот за инвестиции во Министерсртвото за транспорт и врски кои се на ставката што ја предлага да се зголемат од 250 на 300 милиони со цел да се поттикне патниот правец Штип-Свети Николе - Скопје. Меѓутоа, средствата каде што сака да додаде 50 милиони за жал се средства за инвестиции во железничката инфраструктура. Така што, ако тој амандман се прифати, нема за таа намена за која се кажува во образложението. Тоа се средства за железница, а не за патна мрежа. Значи, образложението отстапува од амандманот и неможе да се прифати.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не е прифатен.

Има збор Марија Којзеклиска.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Можеби навистина е грешка што амандманот доаѓа од средства кои се наменети за железницата, меѓутоа ако министерот има добра волја да ги даде и да ги прераспредели од железница на патниот правец што го предлагам со амандманот, Штип-Свети Николе-Скопје, секако дека тие пари ќе бидат добредојдени. Значи, оставам министерот да се доизјасни. Јас можам да го преформулирам амандманот, не е проблем, и ако министерот има добра волја да ги пренамени тие средства.

Во однос на самиот амандман би сакала да кажам дека овој амандман всушност претставува исполнување на обврска на Владата во врска со увоената Информација, можеби пред година ипол, не ме држите за збор, за отпочнување на изградба на патниот правец Штип-Свети Николе-Скопје врз основа на која Информација се усвоија заклучоци дека Владата се задолжува во определениот рок да одговори на оваа Информација и да ги изнајде сите модуси за да може да се изврши и да започне изградба на овој патен правец. Бидејќи денес усвојуваме, во тек е ребалансот на буџетот, Владата сеуште нема доставено одговор на таа Информација. Тогаш барам подршка од сите пратеници, колеги од источниот дел на Македонија, а секој друг глас е добредојден, да се прифати овој амандман.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор Слободан Даневски.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Г-дине претседателе, дами и г-да пратеници, г-дине министер,

Во Собранието пред година и нешто поднесовме иницијатива скоро 30 пратеници за изградба на патниот правец Штип-Свети Николе-Скопје во прва фаза барање, имаше една информација која помина, позитивно се изгласа во Собранието на Република Македонија , со тоа што како заклучоци беа да се задолжи Владата да отпочне со прелиминарните подготовки за изградба во прва фаза патниот правец Штип-Св.Николе-Скопје, а втора фаза Штип-Радовиш-Струмица, граница и Ново Село. И втората алтернатива беше да почне со изградба патот и реконструкции Штип-Ко!чани-Делчево. Ова како идеја беше поздравена не само од пратениците, туку и од граѓаните во Република Македонија.

Се приклучувам на овој амандман и го слушнав мислењето и кажувањето на министерот дека ставката, се наменети од железницата, па за да не би направиле ние некоја грешка, сигурно дека расположениeто кај министерот е позитивно и има расположение. Иако сега ние го гледаме ребалансот на буџетот, така што за месец ипол дена ќе ни дојде и буџетот за 2005 година. Верувам во искрените намери на министерот за финансии, па и на Владата дека се спремни да прифатат една ваква иницијатива од пратениците од источниот дел на Македонија. Тука не зборуваме од името на било која политичка партија, затоа што сите ние како пратеници од источниот дел на Македонија, многу, многу години ја покренуваме оваа тема која останува како табу тема, да не зборуваме што значи во зимскиот период какви се нашите патишта. Никогаш не сме биле против да се гради патот Скопје-Тетово-Гостивар, Гостивар-Кичево-Охрид, ниту централниот автопат, да кажеме делницата Велес-Градско-Гевгелија. Сигурно дека тоа го поздравуваме и сме гласале и стоиме зад тоа дека Македонија како држава треба да ја осовременува инфраструктурата. Но, сега не можеме да останеме слепи пред она што ни се случува, 50-тина години источниот дел на Македонија е едноставно оставен на забот на пропаста. Ниту еден км. не се направени модерни патишта. Она што значи источна магистрала, патот е руиниран. Кога зборувам дека патот е руиниран, сведоци сме на секојдневните сообраќајќи кои настануваат. Сведоци сме дека автопатот нон стоп се користи како превоз, одат и камиони, тешки товарни возила, голема оптовареност, фреквенцијата е голема, тука имаме два гранични премини и знаеме дека граѓаните од Струмица, почнувајќи од Ново Село неможат да дојдат, три до четири часа се одалечени од

центарот на Република Македонија , главниот град Скопје. Со почнување на изградбата на делницата Штип-Св. Николе -Скопје во еден правец се заштедуваат некаде 30-тина и нешто км. во два правца тоа се 70 и нешто км. Да не зборуваме што значи во делот на економското живеење на Република Македонија. Гледаме дека секојдневно расте цената на нафтата. Во вакви услови 100 ден. ќе дојде по цена на чинење во Република Македонија  еден литар. Знаеме што значи скратување на патниот правец од 70 км. во двата правца. Знаеме во какви услови живее посебно населението во источниот дел на Македонија. Со модерна инфраструктура ќе се направат реални услови и оние фирми кои работат да ги намалат трошоците, знаеме со какви стапки учествуваат фирмите во делот на транспортот и превозот. Од овие причини, бидејќи нема расположение кај министерот за финансии, предлагам да ја разгледа оваа иницијатива, а можеби пратениците ќе се изјаснат за овој амандман, предлагам да гласаат пратениците, ако не, да има расположение при изготвување на буџетот за 2005 година.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 68 пратеници, 16 гласале за, тројца воздржани, 49 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Во меѓувреме пратеникот Марија Којзеклиска го повлече амандманот на раздел 13001, програма 11 ставка 471 потставка 471117 и на раздел 09002 програма 12 ставка 428 потставка 428112 под архивски број 07-3727/24, инаку 11-та точка од списокот на редоследот на амандманите по кои Собранието води претрес. Имаме писмен допис, ќе ви се подели и вам.

Минуваме на следниот амандман.

Отворам претрес по амандманот на раздел 13001 програма 11 ставка 472 потставка 472114 и на раздел 02001 програма 11 ставка 427 потставка 427122 поднесен од пратениците Никола Груевски и Илија Србиновски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Овој амандман не се прифаќа затоа што се предлага зголемување на стапка од само 3 милиони денари за да се градат патишта до пограничните места. Три

милиони денари се 50 иљјади евра, неможат да се изградат ниту 500 метри пат со тоа. Така што мислам дека е безпредметен и не го прифаќам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор?

Има збор Илија Китеновски.

ИЛИЈА КИТАНОВСКИ:

Мислам дека образложението на министерот од типот дека се тоа толку безначајни средства и дека не можат да се изградат патишта. Намерата на овој амандман е да се обезбедат средства за санација и реконструкција на оние руинирани или така да ги кажам макадам патишта што ги има во пограничните општини. Мислам дека не треба да има од страна на министерот, барем неколку образложенија слушнавме, не треба да има потценување на износите. Тие се тие износи што успеале да ги најдеме по наше мислење како резерва во другите потставки. Мислам дека треба посериозни образложенија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале  65 пратеници, 8 гласале за амандманот, нема воздржани, 57 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на раздел 14001 програма 12 ставка 443 потставка 443721 и на раздел 09002 програма 12 ставка 428 потставка 428112 поднесен од пратеникот Марјан Ѓорчев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Овие средства се предвидени во буџетот, меѓутоа можеби не можат директно да се видат, затоа што се предвидени преку кредит од Светска банка и тој се реализира како кредит и отплатата е во кредитните средства, а не во намените како што тука се напишани и затоа амандманот не се прифаќа, а всушност тој е и дел од буџетот, затоа што има проект на Светска банка за водоснабдувањето и водостопанските претпријатија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не е прифатен.

Има збор Спиро Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Мислам дека овој амандман со кој што се предлага обезбедување дополнителни средства во потставката 443721 програма за потикување на земјоделството. Водите во Република Македонија имаат огромно значење за одржливиот развој во нашата држава. Ова што со децении е пропуст и негрижа во водниот ресурс во Македонија, отсуството на национална водостопанска стратегија и основа како и недовоните буџетски средства за нужните зафати во водостопанската инфраструктура предизвикаа руинирање на водостопанските системи, недостиг на вода за пиење на луѓето и стоката во селските средини, како и перманентна ерозија на речните корита. Од целокупниот водостопански и инфраструктурен потенцијал кој што е разграден со примарни, секундарни и терцијални канали низ целата држава со опфат на земјоделска површина од близу 145 илјади хектари се наводнуваат едвај 4о илјади хектари. Драматична е состојбата пред се кај секундарните и терцијалните канали кои што заради разрушување на бетонските ѕидови како и со години таложените песочни наноси се претворени во руини и се директна причина за поплавите во регионите каде што се разгранува таа водостопанска мрежа. Селските водоводи и водопоила како и системот за напојување на стоката по пасиштата е вон функција, или дефакто таква системска водна и водостопанска инфраструктура и не постои во државата. Одтука се наметнува како императив за мали и брзи зафати во веќе нефункционалните селски водоводни зафати со цел и тоа малубројно селско население да има минимални егзистенцијални услови за преживување во своите средини.

Треба да се напомене дека ситуацијата е особено тешка во источниот и јужниот крај на Републиката каде населението обезбедува вода за себе и за добитокот користејќи ги чешмите и водните канали уште од пред еден век.

Претходно господине министре имаше еден или два вакви амандмани кои вие ги отфрливте, сега кажувате дека има издвоено средства од Светската банка или не знам од кои кредити, но, во основа, таму каде беа донации, видовме дека сето тоа е намалено за повеќе од 55%, така што не верувам дека и со ова ќе се најдат вакви средства, а основата на постоењето на вкупната водостопанска организација во Република Македонија  и ова што го носевме како закон, едноставно предизвикува неред, предизвикува ова што ни се случи  со поплавите, но после тоа тие штети се многу повеќе од овие  издвоени 50 или 100 милиони денари со кои треба да се исчистат сите овие канали кои со години наназад не ги чепнал никој.

За правење на она што кажувавме дека треба да се направат некогаш и нови водоводи, нови чешми или нови водопоила, некој тука се смееше, но тоа кошта, тоа се средства кои од година во година Буџетот треба да г и издвојува за да можеме во тие селски средини да кажеме дека нештата заживуваат и дека Република Македонија мисли на тие граѓани.

Вака, на овој начин, дека вие ги имате некаде во Буџетот како кредит или како средства од Светската банка или не знам од каде, мислам дека многу малку е направено, речиси ништо, што се виде и со поплавите, а што се гледа и секој што може да помине по овие водостопански системи, овие бројки покажуваат дека е точно ова што во Република Македонија воопшто не се води грижа за едно вакво големо богатство кое треба да значи предност, а не хендикеп за граѓаните на Република Македонија.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 65 пратеника, 9 гласале за амандманот, 2 воздржани, 54 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 14001 Програма 12 ставка 467 потставка 467212 и на Раздел 09002 Програма 12 ставка 467 потставка 467121, поднесен од пратеникот Марјан Ѓорчев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Овој амандман има грешка односно во Разделот 09002 каде се предлага во Програмата 12 тоа што се предлага не постои во Програмата 12 таква намена, така што не можеме да лоцираме, очигледно се работи за некаква техничка грешка на предлагачот и не можеме да го прифатиме.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа заради образложението што го даде министерот.

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеника, 6 гласале за амандманот, нема воздржани, 56 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 14001 Програма 13 ставка 443 потставка 443721 и на Раздел 09002 Програма 12 ставка 443 потставка 443717, поднесен од пратеникот Марјан Ѓорчев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Ќе повторам дека ова е ребаланс на Буџетот, а не е Буџет за наредната година, така што износот на амандманите кои можат да се поднесат на ставки кои се реализирани е лимитиран од фактот дека тие средства се веќе исцрпени и не можеме да ги намалиме.

Се предлага трансферите  на домаќинствата и физичките лица да се намалат од 166 милиони на 26 милиони односно 140 милиони да се намали ставка за други намени, а тоа е веќе исплатено во текот на изминатите 10 месеци, така што е невозможно да се намали таа ставка.

Затоа не можеме да го прифатиме амандманот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не е прифатен.

Повелете господине Мавровски имате збор.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Интересни се објаснубвањата на господинот министер, таму каде има побарување за поголеми средства, како што е во овој случај, каде се работи за програма за поттикнување на земјоделието се кажува од разделите каде треба да се добијат средствата тие се веќе потрошени.

Каде имаме помали средства каде се бара, вие кажувате дека со тие средства не може ништо да се направи и повторно не се даваат такви средства, сега не можам да ги разберам вашите објаснувања. Дали овие средства се потрошени, или не, или не можете воопшто да размислувате за вакви работи. За претходната ситуација се говори за пошумување каде кажувате дека технички е неостварливо, кажуваме дека сите основни и главни закони се донесуваат во Министерството за екологија и животна средина каде сите се бориме за пошумување и подобрување на условите во Република Македонија, но од друга страна кога ќе се дојде за средства и

кога ќе се направи она што е неопходно да го направиме од закон да го преточиме во вистина, вие кажувате дека нема средства за сите тие намени и тука запира се. Значи, се запира и во пошумување по овие пожари кои се случија последните години и уништување на огромни шуми, знаеме колку време ќе биде потребно повторно да се вратат во функција и како се прави со оние, еве и рудниците, пошумувањето каде Министерството за екологија и животна средина треба да се вклучи и да донесеме што побрзо пошумување на оние простори кои се уништуваат.

Но, вие кажувате дека нема средства или технички е неизводливо. Мислам дека треба да најдете сили и да се најде начин овие средства да се најдат и да се поддржи Министерството за екологија и животна средина не само во однос на оние закони за кои говориме тука дека се со европски тренд и дека е се во ред. Се е во ред кога тоа ќе се рализира. Ако тоа не можеме да го реализираме, а очигледно не можете да го реализирате, тогаш ништо не е во ред, остануваат само законите.

Затоа овој пат во овој амандман се однесува за нешто друго каде се кажува во однос на зачленувањето на Република Македонија во СТО ние се здобиваме со право за субвенционирање на домашното производство во износ од 1 милијарда 950 милиони денари.

Амандманот е во таа насока, сигурно дека не сум доволно стручен како господинот Марјан Ѓорчев во неговата област, но сепак мислам дека требаше да го проверите сето ова дали се тие средства издвоени од трансферот како што кажавте кој веќе е потрошен за домаќинствата и физичките лица, во што апсолутно се сомневам дека е така.

Но, во секој случај земјоделското производство и понатаму останува на маргините. Со ова докажувате дека е точно така.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 67 пратеника, 9 гласале за амандманот, 1 воздржан, 57 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 16001 Програма 12 ставка 468 потставка 468110 и на Раздел 07001 Програма 11 ставка 463 потставка 463218, поднесен од пратениците Силвана Бонева, Ефтим Манев и Илија Китановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Со овој амандман се предлага средства од пет милиони денари да се префрлат од Програмата за компјутеризација на Јавното обвинителство во Програмата за реконструкција на објекти во областа на образованието.

Тука е можно да се размислува, нема ограничувања, меѓутоа, политиката на Владата е да останат средствата во Програмата за компјутеризација на Обвинителството затоа што и таму има неопходни потреби за да се подигне ефикасноста на оваа служба и предлагам на пратениците да не се гласа за овој амандман.

Владата не го прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор?

Повелете господине Китановски.

ИЛИЈА КИТАНОВСКИ:

Јас ќе се задржам на потребата за поднесување на амандманот во смисла на потребата од овие средства колку и да се мали за реконструкција на училишните објекти, односно објектите во образованието.

Бевме сведоци на почетокот на учебната година на штрајкови, односно на прекинување на наставата во повеќе училишта во Република Македонија меѓу кои и во училиштето во Кичево “Кузман Јосифовски Питу” каде учениците учат во едни не минимални, туку под секое ниво и санитарно и здравствено така што вакви средства колку и да се, колку и да изнесуваат и да изгледаат релативно малку многу ќе придонесат, барем за време на санирање на тие простории додека не се завршат објектите кои се во градба односно новите објекти како што е новата зграда на училиштето “Кузман Јосифовски Питу” во Кичево.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 67 пратеника, 8 гласале за амандманот, нема воздржани, 59 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 16001 Програма 14 ставка 427 за додавање нова потставка по потставката 427121 и на Раздел 09002 Програма 12 ставка 427 потставка 427122, поднесен од пратеникот Иван Анастасовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии.

НИКОЛА ГРУЕВСКИ:

Господиное Анастасовски покренува еден проблем кој датира од пред три-четири години со лошо менаџирање на Факултетот за физичка култура во тоа време од тогашните раководители и создаден е огромен долг кој сега го загрозува работењето на Факултетот за физичка култура во еден дел.

Дирекни намени за образовните институции не можат да се предвидат во Буџетот од други намени, туку од намените на Министерството за образование и наука со менаџирање внатре во тој раздел.

Од тие причини сега не можеме тие грешки да ги поправаме со тоа што ќе кажам условно намалуваме средства од други намени во државата кои повторно завршуваат во некои институции, субвенции или програми на сметка на тие грешки кои се таму направени. Тоа ќе мора да се направи во рамките на Разделот образование наредните години со посебна програма како понатаму да се реализира тој проблем.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не е прифатен.

Повелете господине Анастасовски.

ИВАН АНАСТАСОВСКИ:

Ваков сличен амандман со иста содржина имав и по однос на Буџетот за 2004 година. Она што го рече министерот проблемите датираат долги години наназад, сумата е доста голема за долговите кои се направени по однос на спортските објекти кои ги користи Центарот за физичка култура и нашиот Факултет за физичка култура.

Сумата која со амандманот ја побарав, знам дека е мала и незначителна, меѓутоа, ова беше еден напор да почнеме да го решаваме тој проблем кој се провлекува години наназад.

Верувам дека во Буџетот за 2005 година ќе се има доблест да почне да се решава, тој ќе дојде пред нас за месец, месец и половина, така што од тие причини и она што го образложи министерот, јас ќе го повлечам овој амандман.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 16001 Програма 17 ставка 442 потставка 442117, ставка 443 потставка 443714 и на Раздел 09002 Програма 12 ставка 427 потставка 427122, ставка 443 потставка 443717, ставка 443 потставка 443818, поднесен од Комисијата за образование, наука и спорт.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Амандманот се однесува на скратување на средства кои служат за поттикнување на новите вработувања во висина од 25 милиони денари, а тие нови вработувања се обврски кои државата ги презела со Законот за поттикнување на вработувањето или таканаречен Бранков закон.

Намалувањето на таа ставка ќе оневозможи на Буџетот да ги извршува редовните обврски кон луѓето кои се вработиле по тој закон, а државата ги има преземено на себе придонесите и даноците во тој основ и затоа амандманот не може да се прифати.

Образложение што мислам за намените каде сега се предлага да одат парите во Буџетот на Министерството за образование и наука за развој на научно-истражувачките институции, нема да повторувам, зборував 15-тина минути во општиот претрес. Останувам на тоа мислење.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не е прифатен.

Повелете госпоѓо Лепиткова.

СОЊА ЛЕПИТКОВА:

Амандманот кој Комисијата за образование, наука и спорт го поднесе на својата седница се предложи при измените и дополнувањата на Буџетот за 2004 година, бидејќи се врши намалување на средствата за наука од 40 милиони денари и не можам да кажам дека при донесување на Буџетот за 2004 година Комисијата сакаше да остане доследна на своите заложби затоа што и тогаш сметаше и укажа на потребата дека на науката и научно-истражувачката дејност во Република Македонија во континуитет ќе и треба зголемување на средства за да можеме да го

достигнеме нивото на средства кои ги издвојуваат земјите барем во регионот за тие потреби.

Ние, при самото конституирање на амандманот нормално тоа не го правевме сами, туку во тоа беа вклучени и Стручните служби на Собранието и сигурно по ставките кои ги има во Буџетот тие требаше да помогнат во смисла на тоа да можат да се оздвојат средства токму по намена каде нема да се вршат одредени пореметувања на одредени функции.

Токму од тие причини сакам да кажам дека Комисијата сакаше да остане доследна на своите укажувања кои ги имаше при донесување на Буџетот за 2004 година кога само тој амандман како таков беше прифатен во висина од 35 милиони денари земајќи во предвид дека во Европа се донесе Барцелонската декларација со која се обврзуваат сите европски земји дека барем 3% од својот бруто национален доход ќе мора да издвојат за наука односно ќе бидат обврзани да издвојат.

Македонија сега издвојуа само 0,2% од ЈДП што значи дека со ова намалување тие проценти се скратуваат и понатаму.

Навистина се прашувам како понатаму ќе можеме да одговориме на одредени прашања од Прашалникот каде ќе биде поставено прашањето колку Македонија издвојува за науката и со тоа да не се доведеме во ситуација оваа значајна сфера за развојот на државата на некој начин згасне, бидејќи навистина научно-истражувачката дејност и технолошкиот развој понекогаш се клучни фактори за подигање на економските состојби во државата.

Од тие причини Комисијата со 8 гласа за и еден глас воздржан го поднесе овој амандман, јас можам само да искажам дека ЛДП односно пратениците од ЛДП ќе го поддржат овој амандман како таков.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине министре.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Мора да потсетам како член на Владата дека министрите од ЛДП се согласија со Буџетот на Владата и не го поддржаа овој амандман.

За да не дојде до ситуација до која некој нешто повее од што прави, мисли дека треба да се направи.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Влада е едно, Парламент е друго.

Повелете господине Аднан Ќахил имате збор.

АДНАН ЌАХИЛ:

Почитуван претседателе, почитуван министре, почитувани пратеници,

Кога зборувавме во општиот претрес во врска со ребалансот на Буџетот кој се однесуваше на скратување на средствата во однос на науката и научно-истражувачките дејности кажав многу аргументи и замолив министерот да најде сили односно Владата да најде сили да може да го прифати амандманот кој е поднесен од Комисијата за образование, наука и спорт.

Како што кажа претседателот на Комисијата со 8 гласа за, 1 воздржан најдовме заеднички јазик. Се работи за заедничка потреба на оваа држава. Токму објаснувањето на министерот дека министрите од ЛДП гласале за овој предлог, во Комисијата имаме една друга ситуација која укажува дека не е направена добра анализа за тоа зошто и на кој начин се скратени средствата и каде се дислоцирани средствата.

Нашето барање, а и моето воедно беше замолница да се направи една анализа ако ништо друго да се остане на висина како што беше за 2002 година, а ако сакаме некој прогрес требаше да се има некој осет во оваа работа, барем во мала мерка, со неколку проценти да се зголеми Буџетот, за да се има тенденција со зголемвуањето на вложувањата вонауката од страна на Владата, со тоа што во иднина би се вратило едноставно повеќе многукратно да можеме да зборуваме за некој научен напредок и она што во последно време е актуелно, а тоа е прашалникот за влез во Европската унија, каде што сигурен сум и убеден дека ќе има прашања кои ќе бидат од доменот на науката . Прашање е како ќе се одговори на тие прашања кога во овој дел ние имаме скратување за науката.

Јас во овојдел, во мојата понатамошна дискусија ќе се надоврзам на текстот што денеска е објавен во “Вест”, каде што потпишаните научни работници, професори, без разлика на која партија припаѓаат, а јас ги третирамкако професори, научни работници на Република Македонија. Ќе дозволите само воведниот пасус да го прочитам, за да се види колку Предлогот е дијаметрално спротивен од реалноста.

“Предлогот на Владата на и онака претенкиот Буџет на научно-истражувачката работа и технолошки развој за над 40 милиони денари просто ме вџаши. Со неверување и со загриженост ги проследивме новостите што предлагате да се спроведат. Претпоставуваме како и целокупната научна јавност во Македонија и се прашуваме, за кого, во чиј интерес би можела да биде една ваква одлука”. Апсолутно и јас се прашувам во чиј интерес е оваа работа? Кој носи одлука и зошто носи одлука да се скратат тие средства.

Ако објаснувањето на минситерот беше дека се бараат средства од финансиите на Владата, дека тие средства биле за вработувања, Владата имала обврска спрема тоа, да потсета дека Владата има обврска према некоја каква таква научна јавност, према универзитетите во Република Македонија и она што се вели наука и образование во Република Македонија. Ако не се има обврска треба јасно и гласно да се каже дека нема никаква обврска и дека ова е едноставно на тој начин направено за да симнат тие пари, да се скратат тие пари, иако по 2002 година на една работилница во Холидеј Ин се зборуваше за Холандската конвенција, за образование и наука во тој момент и министерот и заменикот на министерот и другите пратеници зборуваа за една ситуацја дека во минатото се направени многу лоши работи, многу големи грешки и ние ќе вложиме многу повеќе и напори и работа, средства за образованието и науката.

Да ве потсетам, во однос на 2002 година средствата се преполовени. Од 208 милиони на сега 108 милиони во областа на науката. Ако е таа интенцијата, тој правец за подобрување на ситуацијата во негатива тогаш мислам дека сте успеале.

Објаснувањата што ги добивавме од заменикот на минситер во Комисијата беа дека средствата ќе се алоцираат, и едно од објаснувањето беше дека средствата не се потрошени благовремено за таа намена. Јас ќе демантирам дека тоа не е така. Очигледно дека некој на некого дава погрешни информации и имам преглед каде што пишува дека од Буџетот од 108 милиони денари исплатено до месец септември е 80766 милиони денари, или во проценти 75,3%. Онака како што се делат парите на еднакви дванесетинки толку  и можело да се потрошат. Значи, колку што биле на располагање на раководството за наука и образование, тие пари се потрошени. За тоа , како што реков имаме и преглед.

Останати се непотрошени 20 милиони денари, а за тоа има време уште три месеци да се потрошат, или пак некој очигледно однапред знае и правел проекции дека тие пари не би требало да се потрошат, би требало да одат за други намени.

Намената на тие пари е во науката. Намената на науката е едноставно Република Македонија да фати чекор со Европа и светот. Јас навистина се прашувам како ние ќе фатиме чекор со науката ако од година во година Буџетот се намалува. Јас можеби требаше да поднесам амандман ставката за науката да биде нула. Можеби тогаш министерот ќе прифатеше нула ставка, тоа ќе беше најбезболно, најдобро решение, едноставно да немаме финансирање во науката да вложуваме, а реков дека не би сакал да се повторувам, колку се вложува во светот на науката и пошироко, како и во нашето соседство со кои често пати ние се

споредуваме, и со Словенија, Бугарија, Грција, Албанија, Србиј аи Црна Гор аи т.н. Во сите тие земји многу повеќе се вложува во науката во апсолутен износ, во процентуален износ и апсолутно се негува науката многу повеќе. Многу повеќе било која Влада, наместо оваа Влада што претендира да ни биде Влада која ќе не внесе во Европската унија, дали влезот во ЕУ е едно скратување на парите во науката. Јас се прашувам ако денеска се скратат пари од науката на што доаѓа ред? На образованието ли, на другите министерства ли, на другите ивнестиции, или што?

Ако во овој период кога го почнавме периодот на транзиција и кога јавните претпријатија и по препорака и она што се вели пазарна економија се оутѓуваат од државата, државата ќе треба едноставно да стане арбитер, да собира даноци, да ги дистрибуира на домашнит еобврзниви и она што е општо добро за една држава, а тоа сигурно дека е образованието , наката, здравството, културата и т.н. и таму да финансира. Тука да гледаме начинот на кој се финансира и финансиите да бидат благовремено и правовремено во прав правец насочени.

Ова што се предлага ниту е тоа, ниту образложението држи, ниту може некој да ме убеди дека науката не покажала, или покажала, или пак проекциите се такви што подобро е да вложиме помалку државата ќе добие повеќе. Ако има такв аанализа дајте таква анализа, и требаше да се даде такв аанализа за да ја видиме и да се согласиме и ние на Комисијата дека тоа се случува.

Ние веројатно ќе очекуваме и за наредниот Буџет кој многу брзо ќе дојде, како што имаме во ребалансот намалување на парите, очекувам од таа интенција да имаме намалување на 30% од Буџетот за науката за 2005 година. Би бил навистина приатно изненаден ако ви еизлезето со предлог аналитичен, добар предлог наместо да се намали да се зголеми Буџетот за 2005 година. Но, интенциите и од 2001 и од 2002 и 2003 година, па и сега со ребалансот укажуваат дека се оди во правец на намалување на Буџетот и тоа намалување сигурно ќе вроди со плод, ама негативен плод . Длабоко треба да се загрижи што еминентни професори од наши универзитети си го кажуваат своето мислење и не го делат вашиот став дека науката треба да биде финансирана со помалку пари, помалку средства. Треба да давате некаква анализа и треба длабоко да бидете загрижени бидјеки вие во тој дел кога беше кампањата, парламентарната кампања, обеќававте многу работи за кои не би сакал да дискутирам, ама една од работите обеќававте дека и во доменот на науката и образованието ќе има повеќе вложувања, подобра работа, по ефикасна работа, а ова не е тоа што вие го обеќававте. Едноставно една, покрај другите обеќања ваши што ги имавте, значи од вашите проекции, програми, не го

остварувате. Треба да одговарате пред оваа јавност и научна и јавноста пред народот, зошто тоа не го правите. И во Комисијата за образование зборувавме дека 40 милиони се зголемуваат средствата за образование. Се сложувам. Треба да се зголемат средствата за образование. Можеби 40 милиона се малку. Треба да се најдат сили да се зголемат и пвоеќе, ама да се зголеми и за науката и за образованието, а во Буџетот милијарда евра , сигурно пестина милијарда денари не се голема ставка, а ќе допринесат многу повеќе и за амбиентот за научната јавност со тоа што ќе можеме да финансираме, да ги уверуваме или професорите да ги усмеруваат младите да се вклучат во проектите, тие да бидат дел од оваа научна јавност за да можат утре со определен бе граунд да конкурираат на меѓународни проекти на кои вие се повикувате. Со овие средства сигурно многу проблеми ќе израснат, м ногу проекти не ќе можат да се направат, од ден на ден и така сме ние на дното на многу работи во Европа, а во науката ќе бидеме испод дното. Тоа треба да ви служи на чест, треба да служи на вашиот резон, науката да биде финансирана со помалку пари, за што јавноста во иднина ќе си го каже своето.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине минситер имате збор?

(Додека пратеникот Аднан Ќахил заминува на своето место има непосредна расправија со г-динот Јани Макрадули).

Господине Ќахил, Ве молам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Врз основа на дискусијата на г-динот Аднан Ќахил би сакал да укажам на две работи.

Прво, г-динот Ќахил кажа дека средствата за наука и натаму се намалуваат. Средствата за наука оваа година дури и со ребалансот се на повисоко ниво од 2003 година. Ког аовде се кажува дека секоја година се намалуваат, информацијата е неточна.

Со оглед на грубоста на која беше изнесен тој факт, служење на чест и т.н. сакам да укажам на фактот дека и понатаму о.г. имаме повеќе средства за научни трансфери во науката отколку во минатата година, а да потсетам дека Република Македонија нема ниту девалвација, ниту инфлација на денарот Што значи дека реално средствата се поголеми дури и со ребаланстот.

Второ, јас во општата расправа потенцирав нешто што сега ќе го повторам. Мислам дека личните интереси почнуваат да диктираат дискусии во Собранието на Република Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Ќахил имате една минута.

АДНАН ЌАХИЛ:

Ќе почнам од последната мисла и дискусија.

Јас немам никаков личен интерес во однос на науката, ниту аплицирам, ниту сум корисник на некакви проекти во однос на науката. Тоа е прва работа.

Второ, дали во апсолутен износ или со пвоеќе пари времињата ќе покажат. Дали е точен или неточен податокот и ако изнесувамнеточни податоци има кои кажуваат колку пари се има вложено во наката. Во однос 2002 и 2003 година за науката од 208 милиони  се намалија на 108 милиони денари. Тие се факти, а дали во апсолутен износ, или се повеќе или помалку во проценти, тоа може да биде но тоа е една политичк илузија. Дали е тоа малку или многу јавноста ќе каже, не јас, а јавноста, и тоа научната јавност си кажува. Дали имаат тие лични интереси треба да согледаат органите и тие луѓе кои ги прават проекциите.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине минситер имате збор.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Имавме прилика во Република Македонија пред десетина дена да гледаме една ПРЕС конференција на г-динот Рансвел кој на новинарско прашање кое го почна со тоа што е напишано во медиумите, дали г-динот Рансвел ќе го потврди или не, контра прашањето на г-динот рансвел беше зарем вие се информирате од медиумите и немате други извори.

Затоа сега г-дине Ќахил јас сакам да ве прашам вас како пратеник дали вие се повикувате на тоа што пишува во новините, или на тоа што Владата ви доставила во Буџетот во ребалансот и во образложението и во изјавит емои овде. Ако вие и понатаму сега во контрареплика на ова кажете, не веруваме на министерот за фиансии и на ребалансот официјален документ, туку веруваме на тоа што јавноста го кажува на новините, тогаш јас навистина немам ни потреба воопшто да аргументирам во Парламентот. Значи останувам на фактот и ќе ги цитирам и бројките, со оглед дека еве, се изразува недоверба.

Со завршната смета на Буџетот за 2003 година, Буџетот за наука бил 101 милијон , со  ребалансот е 108 милиони.  Со завршната сметка за 2003 година средствата за трансфер и во наука биле 83,7 милиона, а оваа година со ребалансот ќе бидат 100,9%. Однапред кажувам дека со натамошни диксусии од типот не

веруваме на вашите бројки кои се официјални, доставени тука, немало друг аргумент. Тука нема да продолжам со дебата.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам, последна контра реплика г-дине Ќахил.

АДНАН ЌАХИЛ:

Самата паралела со г-динот Рансвел кога рекол дека дали за изјавите вие имате други извори не можам да спроедам бидејки тој е државен секретар на земја која што има апаратура како да дознае информации. Јас сум пратеник во опозиција, јас верувам и сакам да верувам во бројките на Владата, но добивамисто така прегледи од луѓе кои се први луѓе. Еве тука пишува. За 2004 година за научно-истражувачката деност е 108 милиона, а со ребалансот 88 милиони се предлага. Значи, минус 20 милиони. Јас дали верувам или не верувам тоа е друга работа. Јас како пратеник имам право да ги изнесам мислењата и од печатот и да верувам вов ашите искажувања, но во моите дискусии г-дине министре кажав дека јас ги прифаќам вашите сугестии, но и вие треба да ги прифатите сугестиите и на нас како пратеници и на другите, бидејки и ние за нешто имаме аргументи. Аргумент во тоа дека јас неверувам само на печатот дека јас само воведниот дел го прочитав, а аргументите ги изнесов врз основа на факти. Тоа се тие факти.

Благодарам г-дине Аднан Ќахил.

Повелете г-дине Спиро Мавровски имате збор.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Благодарам г-дине претседател,

Јас незнам зошто министерот зошто толку секогаш лично ги прифаќа сите овие дискусии и се чувствува инхибиран на некој начин од страна на пратениците дека е нападнат, но ова што го кажа последнито пат јас ценам дека податоците дека доаѓаат од Владата и Владата е таа што треба да одговара за изнесенит еподатоци, за она што значат бројки.

Самиот министер во своето образложение, еве јас би тргнал од спротивната страна во однос на науката. Мислам дека моите колеги кажаа доста и доволно рекоа за науката дек апари ќе требаат од она што е предвидено и ако сакаме во нешто да инвестираме  и побрзо да стигнеме до Европската унија секако дека тоа е науката како научни кадри во државата кои треба да ги задржиме.

Но, јас би проговорил нешто во однос на она од каде што овие средства се бараат овие средства да бидат префрлени во науката. Тоа е овие средства да бидат префрлени во вработувањата и тоа е Бранковиот закон.

Г-дине минситер вие со ова што го кажувате пред нас како ребаланс на Буџетот побарувате 679 милиони денари кои што треба да бидат алоцирани на местотона исплатата на овие средства за нововработените. Од нив се побаруват 25 милиони, ако не се лажам со овој амандман, што значи тоа е некоја минимална сума во однос на овие 675 милиони денари. Сега јас ќе ве запрашам да ми одговорите, ако можете тоа да го направите колку вие планиравте во Буџетот за 2004 година да издвоите вакви средства и колку луѓе планиравте да вработите со Бранковиот закон, дали вие сосема не промашивте во вашите планирања и овде објаснувањето дека во последната недела на 2003 година се вработени според овие бројки што ни ги двате туканекаде околу 13 илјади вработени, мислам дека апсолутно не држи.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Г-дине Мавровски, ве молам држете се за амандманот.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Токму за амандманот говорам г-дине претседателе. Тие средства се бараат од средствата кои што се одвоени за вработените со Бранковиот закон. И тоа е амандманот. Мислам дека тоа треба да го разјасниме, затоа што министерот сака да говори со бројки. Ако е така значи сте направиле големо промашување во ваШата визија за вработувањата 2003 година и не сте издвоиле апсолутно никакви средства. Сега вие барате 5 милиони денари за Факултетот за физичка култура, што многу ми е жал што г-динот Иван Атанасовски го повлекува амандманот, па таму добиваме ние идни стручни кадри кои што оваа држава ќе ја водат напред. Како ќе работат тие, кога не се моќни да влезат ни во базени ни во салите за физичка култура, а вие кажувате дека за тоа се големи 5 милиони средства и дека некој ги направил порано.

Вие кажувате дека 5 милиона се големи средства и дека некој ги направил порано. Вие правите 675 милиона погрешна проекција во Буџетот. И во ребалансот една од најголемите ставки е токму тоа, плаќањето на вработените според Бранковиот закон. Колку се тие вработени. Колку се вработија последната недела, 13.500. Добро е што Божик е после Нова Година кај нас. Инаку никој немаше да се вработи и ќе ни останеа парите, како што кажувате дека по Законот за јавни набавки ви останале 800 милиони денари. Тука е проблемот господине министре. Не е проблемот во пратениците дали се информирани од една или од друга страна. Ова се ваши информации, вие го кажувате, но не го докажувате, затоа што неколку пати се поставени прашања каде се вработени тие луѓе а одговор апсолутно, никој не доби. Дали треба повторно да оставиме на шпекулациите и да чекаме во наредните броеви на “Вест”, на незнам кој дневни весници, каде што ќе биде изнесено ова како

факт или како што кажувате вие невистина и тогаш ние кому да му веруваме. Прашањето е директно до вас. Кажете ми колку се вработени последната недела и колку вие од овие 675 милиони сте планирале да платите за тие вработени. Тоа е прашањето.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор?

Повелете г. министре вие имате збор.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господине Мавровски, нема потреба од толку нервоза. Јас бројките ги соопштив кога дебатиравме за Буџетот и претпоставувам дека ги сослушавте. Меѓутоа, има еден друг проблем што вие ги гласате сите амандмани кои се поднесени од било кој. Еднаш гласате за амандманот од 5 милиона и сметате дека е добро. После тоа гласате за амандманот од 150 милиона и сметате дека е добро. Вие дури се доведувате во апсурдна ситуација да гласате за исти амандмани на различни раздели. Еднаш гласате за некој амандман да се симне од истата позиција и зборувате дека треба да се поддржи некоја друга позиција, а веќе на нарендиот амандман гласате да се симне од таа позиција на некоја друга и тоа го браните. Системот на постојано додворување на сите не функционира. Може да функционира за вас како пратеник на опозицијата. Меѓутоа, мојата одговорност е многу поголема. Јас не можам да прифатам еден амандман, се симнува од капитални инвестиции на функции на држава за трансфери во нешто, па потоа друг амандман, каде што треба да се зголемат, повторно да го прифатам на истите позиции. И ако ги споредите 24 -те амандмани што се поднесени, тие се во конфликт еден со друг, вие ги гласате сите. И плус гласате само за амандмани за зголемување.

Јас кога се обидувам да објаснам од каде се намалуваат средствата, тоа велите не ме интересира, не е вистина. Можеби така е добро за вас, меѓутоа, за еден министер за финансии е и те како битно. Дозволете дека јас имам поголема одговорност од вас за да знам ако некоја позиција се намали што ќе се случи. Ние обврски кон тие луѓе имаме превземено со закон, за кој не знам дали вие сте гласале или не, сосема сеедно, државата има таков закон донесено. И ние мора да ги исполнуваме тие обврски до крај. Тие се пресметани до последниот денар. Ако ве интересира кои се лицата кои се вработени, тоа не е тајна, тие се јавно достапни. Сите 15-16 илјади, или колку беа вработени се бенефицирани со закон и списоците можат да се земат од Агенцијата за вработување, ако воопшто тоа е битно дали

лицето Никола Поповски се вработило во некоја трговска или текстилна компанија и сега зема бенифиции по законот, сосема е небитно. Дури не треба да навлегуваме во приватноста на тие 15-16 иљјади луѓе. Но ако побарате можеме да ги обезбедиме и да ги доставиме. Но мислам дека тоа не е добро. Меѓутоа, ако ги барате, обратете се до Агенцијата, ќе ви ги достави. Тие не се тајни. Ние точно врз основа на име и презиме ги обезбедуваме бенефициите. Меѓутоа, политиката секој амандман што е поднесен по било кој основ, еднаш зборувате дека железницата кон Битола треба да функционира. Денеска гласате за амандмани со кои се симнуваат инвестициите во железницата од Буџетот. И тоа ги гласате упорно за други намени. Претпоставувам дека кога ќе дојде друг некој амандман ќе зборувате дека железницата во Македонија треба да се подобри. Еднаш критикувате капитални инвестиции. Десет пати гласате да се симнат средства од капиталните инвестиции. Ако вие така можете, што можам да го оправдам како опозициски пратеник, верувајте дека Владата не може така да се однесува дека мора да штити позиција на Буџетот која е до последната ставка проектирана како што треба.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Мавровски имате една минута.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Господине министре прашањето беше директно. Вие не одговоривте. Очигледно го избегнувате одговорот, но тоа е ваше прашање, вие сте министер. Вие не кажавте колку планиравте, колку вработивте и колку во таа последна недела треба да се вработени. Мене не ме интересираат луѓето, за разлика од вас, кои во 2002 година по десет пати на локални телевизии ги читавте луѓето кои што беа вработувани. Тоа досега никој не го побарал и нема да го побара, но добро е да се кажат фирмите кои ги вработиле овие 16 иљјади луѓе.

Што се однесува до железницата за Битола, господине министре, вашата Владата кажа дека аплицирала на некои барања во Република Грција. Република Грција железницата ја направи до Кременица. А вие за разлика од нив, не направивте ни половина метро во овие две години, ниту се обидувате да ги направите а кажувате дека возот кон Кременица може да се движи со 10 км брзина. Тоа е вашиот одговор и одговорот на вашата Влада. Тука се разликуваме господине министре.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 52 пратеника, 16 гласале за амандманот, 2 се воздржале, 34 гласале против.

Ги молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници.

Го поништувам гласањето.

Во салата беа присутни 60 пратеника.

Сега мислам дека имаме 62 пратеника.

Уште еднаш ги повикувам пратениците да гласаме.

Гласале 58 пратеника, 16 гласале за амандманот, 2 се воздржале, 40 глаласе против амандманот.

Во салата беа присутни во времето на гласањето 63 пратеника.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 18010, Програма 11, ставка 443, потставка 443612 и на Раздел 06001, Програма 12 ставка 427 поставка 427192 поднесен од пратеникот Ганка Самоиловска Цветанова.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Претседателе оваа програма е веќе донесена и реализирана. Ако се зголемат средствата сега, треба да се отворат конкурси, апликации и Комисијата повторно да работи. Знаете дека тоа е веќе невозможно.

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор?

Повелете господине Китановски.

ИЛИЈА КИТАНОВСКИ:

Со овој амандман се предлага зголемување на средствата наменети за печатење на книги во потставката библиотекарство и мислам дека без разлика што временски можеби до крајот на годината има малку време, сметам дека ќе можат да се изнајдат и време и динамика и начини, овие средства да се пласираат и мислам дека постапката и процедурата и динамиката треба да биде најмалата причина, со што би требало да биде одбиен овој амандман.

(Со седницата продолжува да претседава госпоѓа Лилјана Поповска, потпретседател на Собранието)

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Ги молам колегите кои се во близина на салата, да влезат во салата за да можеме да пристапиме кон гласање.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 46 пратеници, 2 за амандманот, 44 негативно.

Ги молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници.

Во салата биле присутни 61 пратеник во моментот на гласањето.

Гласањето е валидно.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на Раздел 18010, Програма 11, ставка 443, потставка 443612 и на Раздел 06001, Програма 12 ставка 427 поставка 427192 поднесен од пратеникот Ганка Самоиловска Цветанова.

Отворам претрес по амандманот Раздел 18010, Програма 12 потставка 443612, Програма 15 поставка 443615 и на Програма 16 потставка 443616, како и на Раздел 04002 Програма 11 ставка 468 потставка 468111, поднесен од Комисијата за култура.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Значи овде е таа дилема за кои Владата и Собранието имаме исто мислење дека капиталните инвестиции на ниско ниво се одвиваат. Со ова се предлага да се симнат средства од капиталните инвестиции, да се пренаменат во тековни расходи, тековни трансфери, што сметаме дека не е добро во и онака намалени средства за капитални инвестиции. Со тоа, и покрај драга волја не можеме да го прифатиме амандманот.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам господине министре.

Дали некој друг бара збор?

Има збор госпоѓа Елеонора Петрова Митевска.

ЕЛЕОНОРА ПЕТРОВА МИТЕВСКА:

Комисијата за култура бараше средства во висина од 9 милиони 800 денари, во еден амандман во кој се бара средства за библиотечна дејност, односно

за обновување на библиотечниот фонд во висина од три милиони денари за заштита на спомениците на културата во висина од 2 милиони и 900 денари и за музејска и ликовна дејност.

Нема да коментирам за зголемувањето на библиотечниот фонд. Ќе кажам нешто за заштитата на спомениците на културата и за музејската дејност, бидејќи во заштитата на спомениците за културата, освен спомениците на културата, за кои што беа вложени средства во нивно реставрирање, се потрошени и средства за обновување на спомениците кој се одбележа во рамките на 60 годишнината од Првото заседание на АСНОМ.

Истото беше и за музејската дејност, каде што покрај нови музејски објекти, беа вложени средства и за музејската постапка која патем беше отворена во Собранието на Република Македонија. Ако културата е таа по која што не препознаваат во светот, ако развојот на една држава се мери според тоа колку се вложува во културата, сметам дека треба да се најде начин и форма да се вложува во културата.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 58 пратеници, 13 за, 2 воздржани, 43 негативн.

Ги молам службите да го утврдат бројот на присутните пратеници во салата.

Во салата се присутни 62 пратеника.

Гласањето е валидно.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на Раздел 18010, Програма 12 потставка 443612, Програма 15 поставка 443615 и на Програма 16 потставка 443616, како и на Раздел 04002 Програма 11 ставка 468 потставка 468111, поднесен од Комисијата за култура.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 18010, Програма 15 ставка 443, потставка 443615 и на Раздел 05001, Програма 17 ставка 463 потставка 463218, поднесен од пратеникот Михајло Георгиевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Се работи исто како и за претходниот амандман. Се предлагаат капитални инвестиции да се пренесет во трансфери средствата, а тоа Владата не може да го прифати.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали некој друг бара збор?

Има збор господинот Михајло Георгиевски.

МИХАЈЛО ГЕОРГИЕВСКИ:

Познато е дека културните споменици на Македонија се чест и гордост на целиот народ и затоа треба да се одделат овие средства што се предлагаат во амандманот да се заштитат. Познато е дека тие пропаѓаат, тие се веќе изложени на опасност да исчезнат и тогаш какво ќе ни биде нашето оправдување за нивното исчезнување. Пропаѓаат цркви, џамии, други споменици, стари книги итн. Значи треба малку повеќе да се подзамислиме и сите заеднички да се согласиме од тие капитални средства да се префрлат 30 милиони, што не се многу пари, но да се заштити ова културно наследство, затоа што единствено тоа ни останува со кое можеме да се пофалиме пред светот и општо пред нас. Идните генерации нема да ни простат во наше време ако пропадне ова културно наследство со кое ние од него учиме и со него се гордееме.

Уште еднаш го замолувам министерот да се замисли и да се одоброволи да го прифати овој амандман, или пак ние пратениците да го изгласаме, со што ќе направиме добро за нашата историја и за нашата иднина.

Благодарам и ги повикувам пратениците да го гласаат овој амандман за.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 56 пратеници од присутни 66, за гласале 7 пратеника, 49 негативно.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на на Раздел 18010, Програма 15 ставка 443, потставка 443615 и на Раздел 05001, Програма 17 ставка 463 потставка 463218, поднесен од пратеникот Михајло Георгиевски.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 19001 Програма 11 ставка 468 потставка 468111 и на Раздел 08001 Програма 11 ставка 427 потставка 427122, поднесен од пратеникот Сашко Кедев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа. Финансирањето на здравствените организации во нашиот систем се одвива преку Фондот за здравство, а не преку Буџетот на Република Македонија. Затоа не се прифаќа овој амандман.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали некој друг бара збор?

Има збор господин Илија Китановски.

ИЛИЈА КИТАНОВСКИ:

Ако е точно ова образложение, тогаш зошто имаме во ребалансот предвидено 500 илјади денари и што се мислело со тие средства да се реконструира, бидејќи потставката е реконструкција на градежни објекти, односно ставка основно и специјално одржување на објектите.

Би сакал да го чујам одговоро од министерот.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Има збор министерот за финансии господин Никола Поповски.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Со оглед дека господинот Китановски сака да слушне, ќе одговорам. Тие средства се за Министерството за здравство, за администрацијата и објектите на Министерството, а не за здравствените организации. Министерството за здравство е дел од Буџетот на Република Македонија, вклучувајќи ја администрацијата и објектите во кои е сместена администрацијата, а здравствените организации кои вршат здравствена дејност, а не управни надлежности во сферата на здравството се во Фондот.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам господине министре.

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, за гласале 5 пратеници, 56 пратеници гласале против, воздржани нема.

Констаирам дека Собранието не го усвои амандманот на раздел 19001 Програма 11, ставка 468 потставка 468111 и на раздел 08001 Програма 11 ставка 427 потставка 427122, поднесен од пратеникот Сашко Кедев.

Отворам претрес по Амандманот на раздел 19301 Програма 11 ставка 443 потставка, 443814 и на раздел 16001 Програма 15 ставка 441 потставка 441511, поднесен од пратениците Никола Груевски, Ганка Самоиловска-Цветанова, Сашко Кедев и Ефтим Манев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии господин Никола Поповски.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Овој амандман не може да се прифати затоа што се предлага намалување на трансферите кои Буџетот ги обезбедува до јавните гласила на локално ниво скоро на половина. А, знаеме дека од тие трансфери најчесто локалните медиуми ги добиваат своите плати. Така што, скратување од ова значи оставање на луѓето без плата и неможеме ова да го прифатиме.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам господине министре.

Дали некој друг бара збор?(Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 55 пратеници, од присутни 65 пратеници, 2 пратеници гласале за, 53 пратеници гласале против, воздржани нема.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии господин Никола Поповски.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Јас би замолил за мало внимание. Амандманот делумно го прифаќаме. Направив консултација со предлагачот, која тој исто така се соглсува да биде делумно прифатен и дозволете да објаснам зошто. За ставката за расходи за изборни активности, оваа година беше зголемена, заради тоа што имаме и избори и референдум на 270 милиони денари, меѓувреме откако оваа проекција на Буџетот беше доставена до Собранието се донесоа уште два акти кои влијаат на изборните активности. Една е одлуката за надомест на средства на оние кои беа кандидати на претседателските избори во висина од 27 милиони денари и меѓувреме изборната

комисија на Собранието достави пресметка на средства што ќе бидат потребни за остварување на референдумот.

Втората ставка е на 5 милиони денари пониска од проектираната пред ДИК да достави прецизна пресметка, а Парламентот да ја усвои. Со оглед дека сега тука се јавува остатокот од 5 милиони денари, амандманот се однесува за 12 милиони денари, го прифаќаме само разликата од 5, што значи би сакал службите внимателно да следат каде се двете промени кои ги прифаќаме.

Во амандманот во разделот 28001, последниот износ од 240.132 милиони се заменува со 233.132 милиони, а во вториот раздел 09002 функции на држава износот од 258 се заменува со 265 зголемување од 5, наместо од 12 милиони денари и средствата ќе одат за поттикнување на недоволно развиените општини. Со тие измени амандманот го прифаќаме.

ЛИЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам господине министре.

Дали некој друг бара збор?

Предлагачот Славе Арсовски, повелете.

СЛАВЕ АРСОВСКИ:

Јас како предлагач се согласувам со овие измени што настанаа и прифаќањето на 5 милиони во тие потставки.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Формално добро да биде потврдено од страна на предлгачот, инаку јасно е дека е така.

Значи, амандманот во таква форма станува составен дел на Предлогот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2004 година.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2004 година, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 57 пра теници, 56 пратеници гласале за, 1 пратеник гласал воздржано, нема против.

Ги молам службите да ги пребројат присутните пратеници во салата, иако мислам дека имаме мнозинство.

Присутни биле 62 пратеници.

Констатирам  дека Собраинето го донесе изменувањето и дополнувањето на Буџетот на Република Македонија за 2004 година.

Минуваме на точка 2 - **Предлог-одлука за огласување избор на судија на Апелационот суд во Битола**.

Предлагач  е пратеникот Каме Петров.

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 54 пратеници од присутни 65 пратеници, сите 54 пратеници гласале за.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за огласување на избор на судија на Апелационот суд во Битола.

Минуваме на точка 3 - **Предлог-одлука за огласување избор на претседедател на Основниот суд Скопје 1 - Скопје.**

Предлагач е патеникот Каме Петров.

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 56 пратеници од присутни во моментот 66 пратеници, сите 56 пратеници гласале за.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за огласување избор на претседател на Основниот суд Скопје 1 Скопје.

Минуваме на точка 4 - **Предлог на одлука за огласување избор на судии на Основниот суд во Струга и Основниот суд Скопје 1 - Скопје.**

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 59  пратеници од присутни 64, сите 59 пратеници гласале за.

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за огласување избор на судии на Основниот суд во Струга и Основниот суд Скопје 1 - Скопје.

Минуваме на точка 5 - **Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на претседатели, заменици на претседателите, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Македонија.**

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Госпоѓа Марија Којзеклиска, повелете.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Благодарам потпретседателке,

Јас само кратко ќе се осврнам на оваа одлука за изменување на Одлуката за избор на претседатели, заменици на претседателите, членови, нивни заменици  на комисиите на Собранието на Република Македонија  и ќе укажам на фактот што во ЗПК и во Комисијата за култура како заменик на член стоел досега господинот Ѓорѓи Спасов, кој извесен период е амбасадор во Обединетото Кралство Британија. Значи, се работи за ЗПК која треба да ги следи сите измени кои доаѓаат, една од најзначајните комисии. Комисијата за култура и тука господинот Ѓорѓи Спасов бил заменик член, па ќе апелирам на малку поажурно однесување во однос на двојство на функциите. Не може господинот Ѓорѓи Спасов да биде во исто време и заменик, член во Комисијата за култура и заменик член на ЗПК и амбасадор во Обединетото Кралство Британија.

Благодарам.

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 59 пратеници, од присутни 65, сите 59 гласале за.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за избор на претседатели, заменици на претседателите, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Македонија.

Преминуваме на 6 точка - **Предлог на одлука за изменување на Одлуката за основање на пратенички грјупи на Собранието на Република Македонија за билатерална парламентарна соработка.**

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 59 пратеници од присутни 65, сите 59 гласале за.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за основање на пратенички групи на Собранието на Република Македонија за билатерална парламентарна соработка.

Минуваме на 7 точка - **Предлог за избор на членови на Републичкиот судски совет.**

Предлогот за избор на членови на Републичкиот судски совет Ви е доставен.

Претседателот на Република Македонија поднесе Предлог за избор на двајца членови на Републичкиот судски совет. Едниот од нив се избира со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници при што мора да има мнозинство гласови од вкупниот број пратеници кои припаѓаат на заедниците што не се мнозинство во Република Македонија, а другиот се избира со мнозинство гласови од присутните пратеници, а најмалку со една третина од вкупниот број пратеници.

Отворам претрес по предлогот Ментор Ќоку да биде избран за член на Републичкиот судски совет.

Молам, кој бара збор?

Господин Блаже Стојановски, повелете.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Благодарам потпретседателке,

Прво, не го гледам тука претставникот на претседателот.

(Има претставник на претседтелот)

Добро, благодарам.

Кога зборувме за комплетирање на Републичкиот судски совет, неминовно и избор на членови кои овој пат останаа да се доименуваат, затоа што на два пати не беа прифатени предлозите на претходноит претседател, господинот Борис

Трајковски од страна на парламентарното мнозинство, сега гледаме дека претседателот на државата има намера преку предлозите кои што ги дава, да се докомплетира Републичкиот судски совет. Фактот што и досега тој функционираше во неполн состав, сигурни претставува хендикеп и претставуваше хендикеп за неговата работа, со тоа што неминовно комплетирањето на РСС мора да се стави во контекс со начинот на разрешување на претходниот односно со пензионирањето т.е. престанокот на работниот однос на лицата кои беа третирани како вработени во РСС, а не како лица кои обавуваат функција член на РСС, функција која што е исклучително значајна во државата, особено во поглед на реализацијата на позицијата на судскиот систем, како и на судовите воопшто како една нивна независна позиција, која што треба да се обезбедува преку работењето и ангажманот на членовите на РСС и на целината на РСС како посебен орган.

Фактот што сеуште немаме почнато или немаме реализирано реформи во судскиот систем, доведува до тоа што именувањето на овие две лица за членови на РСС, ќе значи само докомплетирање од формална смисла на овој орган, а од друга страна треба да се земе предвид неговиот вкупен ангажман, кој што треба да го оствари во поглед на комплетирањето на бројот на судиите по судовите во Република Македонија односно да се пополнат сите оние места кои што се испразнети по било кој основ во судовите во Република Македонија. Фактот дека таа постапка оди споро, фактот дека именувањето и предлагањето не оди со динамика со која што може да се пресретне престанокот на функцијата на судиите по било кој основ односно пред се она што е предвидливо, тоа е престанокот на судиската функција со остварувањето на услови за пензија, треба сигурно да претставува една од активностите која што ќе треба да ја реализираат и овие лица кои се предложени од страна на претседателот.

Меѓутоа, логиката која што не ја гледам тука се однесува пред се на возраста. Затоа што, ако обвинувањата кои што идеа во претходниот период од страна на тогашната опозиција дека биле поставувани лица кои биле пред пензија, кои биле возрасни и тн. и дека треба да се оди во правец на подмладување на составот на РСС, со измените во Законот за РСС и со пензионирањето на претходните членови на РСС кои имаа наполнето 65 години старост, се поставува во прашање целисходноста на именувањето на лица, пред се тоа се однесува на вториот предлог, каде што лицето има возраст од 62 години. Значи, вие не го именувате лицето со мандат кој што е предвиден за член на РСС, туку со мандат од 3 години,

затоа што објективно согласно Законот за РСС, како што вие ја третирате, работниот однос член на РСС со полнењето на 65 години возраст, таа функција ќе му престане.

Овде заради јавноста сакам да прочитам дел од биографијата со цел да се знае кои се односно кое е лицето кое што е предложено, меѓутоа, овде немаме никакво образложение од страна на претседателот на државата за тоа кои се причините заради кои што се предложени овие лица. Ако тоа претставува меѓупартиски договор се поставува прашањето за поставеноста на претседателот на државата, затоа што еден од лицата мора да биде припадник на етничките заедници, се заради тоа што се бара при неговото изгласување да се почитува принципот на Бадинтерово мнозинство, односно мнозинство на гласање од вкупниот број пратеници кои припаѓаат на етничките заедници во овој Парламент.

Значи, ако е тоа така, тогаш неминовно се поставува прашањето дали господинот Црвенковски ги предлага овие лица или ова лице, заради тоа што тој смета дека ова лице е доволно стручно, квалитетно и има доволно углед за вршење на оваа професија или пак тоа е предлог кој што го дава парламентарното мнозинство од етничките заедници,пред се коалициониот партнер на СДСМ и ДУИ, кој што мора да биде прифатен со цел да се изгласа овој предлог. Ова го зборувам заради тоа што стана пракса во Република Македонија голем дел од функционерите да имаат едно значително искуство на работење во Косово и косовските кадри да стануваат значителен фактор во извршувањето на разни државни функции во Република Македонија. Ова ќе го потврдам со биографските податоци на господинот Ментор Ќоку, со тоа што господинот на 16.09.1970 година се вработил во Врховниот суд на Косово во Приштина и таму работел како стручен соработник се до 1978 година. Од 1978 година до 1983 година господинот Ќоку работел како судија на Окружниот суд во Приштина.

Од 1983 до 1990 година, значи до распадот на Југославија, тој бил помошник на министерот, при Секретаријатот на правосудство и управа на Косово, и со распадот на Југославија г-динот Ќоку се ваќа на абота во Република Македонија. Во 1996 година се вработува во Исламската заедница на Република Македонија како правник, за после 4 месеци, на 1.04.1997 година да дојде на функцијата заменик на Основниот јавен обвинител во Скопје, со тоа што во 2003 година односно од 10.04., времето кога беа именувани обвинителите во Република Македонија, станува заменик на бившиот јавен обвинител при вишото Јавно обвинителство во Скопје.

Сите овие географски податоци, не се спорни во однос на искуството и во однос на стручноста која треба да ја поседува г-динот Ќоку, меѓутоа во прашање е една пракса кој се применува од страна на Владеачката коалиција, во Република Македонија на вака значајни функции постојано да доаѓаат лица кои имаат долгогодишно искуство надвор од границите на Република Македонија, иако во тогашна Југославија, секако, тоа било нормално. Овде сепак се работи за едни високи функции, како што е помошник на министерот, токму во период од 10 години итн. Значи изборот на овие лица како членови на РСС, неминовно се рефлектира и врз позицијата и почитувањето на принципот на независноста на судството во Република Македонија, затоа што именувњето на членови на РСС, не врз основа на нивниот ангажман кој се покажал како создавање на еден висок углед во својата професија, кој независно од партиската припадност стручност и квалитетна работа на поединци кои согласно својот углед и работа треба да стигнат до РСС се поставува една дилема што не значи дека овие лица немаат стручни квалиети, меѓутоа, начинот на кои доаѓаат на овие функции. Начинот е сигурно создавање на политички договори, создавање на политички предлози кои обезбедуваат гласање во овој парламент, затоа што ние видовме дека на двапати се обвинуваше тогашниот претседател дека дава партиски предлози и дека тие предлози заради нивната партиска припадност не може да бидат избрани за членови на РСС, а сега се создава една ситуација во која исто така парламентарното мнозинство и Претседателот во образложението не кажува ништо кои биле причините за предлагањето на овие лица, туку единствено вели дека врз основа на член 84 од Уставот, ги предлага овие лица.

Принципот на именување на членови на РСС не само од страна на претседателот на државата, како предлагч, туку и од страна на останатите предлагчи, сигурно дека треба да биде изменет и тоа треба да биде делот од реформите кои треба да ги опфати измената, веројатно на Уставот и на одредени закони кои се однесуваат на именувањето на судиите, меѓутоа и на поставеноста и именувањето на членовите на РСС со што навистина треба да се обезбеди една позиција за отстранувње на политичките влијанија при именувањето на овие лица.

Да не должам многу, сметам дека тоа претставува само еден континуитет, почнувајќи со разреувњето на членовите на претходниот состав на РСС пред завршувањето на нивниот мандат, со сведувањето на функцијата член на РСС за работен однос, како вработен во отаа нситуција, потоа со предлагањето на лица без консултации со опозоцијата, без консултирање на стручната јавност, без директно

влијание на судовите кои пред се треба да имаат доминантно влијание при именувањето на членвите на РСС и истовремено сметам дека при предлагањето на члеовите на РСС од страна на државата, апсолутно немаше да смета доколку се побараше мислење за овие лица од страна на Врховниот суд, или од страна на Апелационите судови и на тој наччин да се појави една многу поширока поддршка за именувањето на лица во вака значаен орган кој директно влегува во една суштинска сфера, на функционирањето на демократијата на Република Македонија односно во независната позиција на судството во Република Македонија.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Збор има г-динот Караџоски.

Повелете.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Навистина ако денес биравме членови на РСС во Косово, овој предлог што сега е доставен, што вие го прочитавте, ќе имаше навистина логика. Меѓутоа сакам да ве потсетам дека ние овде треба да изгласаме член на РСС на Република Македонија.

Ако е смислата на РСС да претставува некаков си совет за одредеена категорија на луѓе, по возраст, може би на старци како од племенската заедница, тогаш критериумот го исполнуваат, 60 години, 62 години итн. Меѓутоа, не е тоа целта.

Републичкиот судски совет според уставната категорија треба да го сочинуваат членови кои се истакнати правници. Јас разбирам дека постои уставен амандман кој не обврзува во составот на РСС да имаме и припадници на заедниците. Тоа ми е јасно и против тоа немам ништо. Меѓутоа, овде се отвора прашањето дали коалициониот партнер, бидејќи е јасно дека тоа доаѓа од коалициониот партнер на парламентарното мнозинство, нема други кадри освен овие што ги црпи од Косово. Сепак ова е Република Македонија и се поставува праШањето до кога ќе трае тој неконтролиран увоз.

Јас сум убеден, почитувани колеги дека на овој начин, или некој признава дека нема кадри, а сака да води држава, или пак на мала врата ни се внесуваат кадри кои немаат блага врска од нашето законодавство, а уште помалку каква е состојбата во судството.

Морам да признам дека ако нешто можам да истакнам како, еве да речам Владата во овие две реформирани години, ако нешто покрена и почна да работи во

некој позитивен правец, тоа е токму онаа реформа која толку години се најавува во законодавството, која сега на некој начин не да ја почнуваме туку ја продолжуваме во некој правец кој навистина дава ветување. Меѓутоа, она што сега го гледам во овој предлог, апсолутно мора да го демантира сетоа тоа, односно го демантира. Значи, повторно се враЌаме на тоа да ги исполниме партиските апетите на некого па дури г-динот Бранко Црвенковски притиснат од некои можеби договори итн., предлага еден ваков кадар кој според мене не е кадар да биде член на РСС.

Јас немам ништо против овие квалификацкии кои овде се наведени. Тоа каде заврил, што завршил, колку рботел и ако работел, и тоа да го прочитате ќе видите дека апсолутно нема ниту ден искусво како судија. Значи воопшто не работел во суд освен што бил во исламската заедница правник и освен што бил заменик јавен обвинител. Зборувам за искусвото на Република Македонија. Она што бил во Косово е Косово, а Косово не е Македонија. Тоа што бил во Косово може да му служи ако се кандидира за член на Ссудски Совет во Косово  и тоа не треба тука а се истакнува. Меѓутоа факт е, јас разбирам дека е тоа биографија, меѓутоа не треба да биде критериум кога се бираат членови на РСС, затоа што истакнати правници член на РСС  треба да биде човек кој го познаваат судството во Република Македонија и врз основа на тоа треба, само да ве потсетам која е уставната категортија на РСС да предлага и разрешува  судии. Тоа е една од основите. Што овој човек ќе предлага и што ќе разрешува кога блага врска нема и кои судови ги имаме во Република Македонија. Тоа е едната работа.

Второ, сакам да ве потсетам дека ова Собрание на два наврати не изгласа, поточно гласаше против предложените кандидати што тогашниот претседател на Република Македонија г-динот Борис Трајковски, ги предлагаше и во аргументите што имавме прилика да ги слушнеме од парламентарното мнозинство, најмногу се истакнувае дека тие кандидати што беа понудени, а не би сакал да ги читам нивните имиња и пезимиња, заради нивниот дигнит, не ги исполнувале условите. Па се отвори дискусија дали некој овде од пратениците има право или не, да дискутира во тој правец кога предлагач е претседателот, меѓутоа се воспостави дека да имаме право со оглед дека гласаме, и така нели се изгласа во два наврати и не поминаа предлозите на г-динот Трајковски.

Само за потсетување и тогаш  и сега сум на становиште и мислење дека тие кандидати кои што беа тогаш беа предложени, беа далеку по стручни од отколку што сега овие ни се нудат. Разликата е во тоа што тогаш претседател беше г-динот Борис Трајковски кој не припаѓаше на Парламентарното мнозинство, значи не

произлезе од таму, а сега е Бранко Црвенковски, кој, сите ние добро знаеме од каде произлезе и кој го поддржа да биде претседател. И, многу ни е јасно дека оваа одлука ќе биде изгласана. Но, се отвора ова прашање и тоа ќе лебди во јавноста дека РСС со кадрите што сега го сочинуваат, нема да ја исполни уставната одредба, која му е ставена и не верувам дека ќе одговори во правец на она што значи реформи во судство, она што значи независно судство и она што значи судиите да бидат бирани, и предлагани врз основа на сручен критериум. Овде е јасно дека и покрај онаа декларативна заложба дека судството треба да ја одвоиме од политиката, на овој начин, со вакви кадри, ние апсолутно судството нема да го одвоиме од политиката.

Што уште треба да се каже по однос на овој кадар?

Од сето она што може да се рече дека е овде биографија, тоа е на половина страна. Апсолутно, овој човек, јас морам така да кажам, бидејќи сум пратеник, а тоа не значи дека на некој начин го дегрдирам, но факт е дека, со оглед на тоа што се поднесува биографија, имаме право и да дискутираме, можам да оквалификувам дека овој човек што се предлага на негови 60 години, за жал има само една до две години работно искуство кое според мене во Република Македонија, ако му го земеме тоа пред да замине во Приштина, 1969 година, се три, што не му дава за право да биде дури кандиран за судија, а камоли за член на РСС. Толку, верувајте ми ги познава македонските закони, затоа што толку години работел во Република Македонија, а сепак треба да биде член на некој совет кој ја претстзвува Република Македонија.

Да не должам, јас би апелирал до почитуваните колеги од ДУИ, не би сакал да верувам дека кадрите му се сведуваат се од Косово, би сакал да поверувам дека имаат и они кадри во Република Македонија и од таквите кадри кои постојат овде во Република Македонија, а на некој начин се блиски до ДУИ, тоа е јасно на сите дека ако сигурно е близок до некоја друга политичка партија нема ДУИ да го предложи, кадрите да ги црпи од Република Македонија и за такви кадри да расправаме дали му е место во РСС, или можеби на некое друго место. Со ова би завршил. Повеќе од јасно е дека за овој кандидат ќе гласам против, од причините кои ги наведов, а мислам дека држат и се оправдани, а секој оној кој би сакал да го поддржи и гласа позитивно, навистина треба да размисли по однос на ова што го искажав.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Повелете госпоѓо Славица Грковска, имате реплика.

СЛАВИЦА ГРКОВСКА:

Господине Караџоски, кога ќе ве слуша човек а да не ја има биографијата на господинот Ќоку пред себе, навистина ќе помисли дека тоа што го зборувате е вистина. Меѓутоа, јас и покрај тоа што не го познавам господинот Ќоку, овде во биографијата, ако сакате да бидеме доследни господинот Ќоку е роден во Струга, дека основно и средно образование завршил исто така во Македонија во Охрид и Струга, дека дипломирал на Правниот факултет при Универзитетот “Свети Кирил и Методиј” во Скопје и покрај тој дел што вие сакате да го потенцирате од 1996 година натаму и почнувајќи особено од 1997 година па до 2003 година, работел како заменик на на Основниот јавен обвинител во Скопје. Бидејќи станува збор за биографски податоци, јас незнам зошто вие очекувате да нема еден дел од биографијата која што се однесува на неговото рботно искуство и во период кога сме биле дел од некоја друга држава. Што ќе се случи? Значи ли тоа дека сите биографии кои што ги добиваме за избор на судии, или за било кој други личности, делот кој што го содржат а кој што се однесува на едно друго време не треба да го содржат. Што ќе се случеше ве прашувам, доколку еве овој дел од биографијата го немаше господинот Ќоку во неговата биографија. И апсолутно не држи тоа дека увезуваме тика кадар од друга страна, кога станува збор за човек што е роден тука. Меѓутоа, јас разбирам дека во вашите манипулации со граѓаните најмногу ви иде во прилог ваквата дискусија. Навистина мислам дека не држи дека не е во ред. Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

За реплика е јавен господинот Жарко Караџоски. Повелете.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Па колешке вака. Каде е човекот роден воопшто не е битно.Кога се бира за член на РСС, битно е тоа каде работел и што работел. Нема да ја повторувам својата дискусија, меѓутоа, едно ќе заклучам.

Почитувана колешке, вас воопшто не ви смета, во вашата Влада која вие ја поддржувате да имате министри од Косово, или дојдени или зошто би ви сметало за член на РСС, мене тоа апсолутно ми е јасно. Но мене ми смета. Ако оваа наша држава нема кадри кои што работеле, придонесле во Република Македонија со тоа што треба да ја знаат состојбата во Република Македонија. Значи не го тргам значи од тоа дека еве работел во Косово, па незнам што, меѓутоа, очигледно е дека тој нема да ја знае состојбата во Република Македонија.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Одиме понатаму со реплики.

За реплика е јавен г-динот Кондарко.

БОРИС КОНДАРКО:

Госодине Краџоски, повторно и повторно ја користите секоја прилика за манипулација и за изнесување на искривени аргументи и некои ваши полувистини во јавноста.

Прво, како што знаете и самите тоа го констатиравте, обврска од Рамкмовниот договор, значи уставна обврска на претседателот на државата за пополнувањето на оваа функција РСС е да има и соодветен процент на застапеност од заедниците кои не припаѓаат на мнозинството. Од тоа нема бегање. Тоа сите го знаеме. Затоа ве молам, да не манипулирате во тој дел.

Понатаму, велите дека грев било затоа што човекот работел во Косово, и давате некои повици за апел, навистина незнам за што апелиравте меѓутоа, јас апелирам до вас да не правите селекции по некои основи, кој каде работел и кој што работел. Дали, ако работел, во Франција или во Америка, ќе му беше хендикеп, или дали ако се школувал на Сорбона или Харвард, повторно ќе ги имате истите забелешки, како хендикеп. Правната наука и работите од областа на правото, во правната свера, имаат одредени стандарди кои се исти секаде во светот. Се работи за работи кои се од областа на правосудството и јавното обвинителство. Значи, се работи за тоа дали е некој стручен и искусен како правник во оваа сфера, или не. Останатите аргументи кои ги изнесовте се чиста политичка манипулација. Од таа логика дали предлозите на претходниот претседател за РСС кои вие не сакавте да ги менувате, како на пример, јас ќе го именувам, Трајко Велјановски, беше по стручен и посооветен за оваа институција, а немал ниту еден ден работа во правосудните органи или во обвинителството.

Значи ве повикувам да не манипулирате затоа што г-динот Ќоку е и државјанин на Република Македонија, се образувал во Република Македонија . Значи повторно се работи за чиста манипулација.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За контра реплика се јави г-динот Жарко Караџоски.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Г-дине Кондарко, ако за Трајко Велјановски имате таков став, очекувам дека и за овој истиот треба да имате таков став, затоа што и овој нема некое искуство таму

каде што посочивте. Инаку, не ви е потребна г-дине Кондарко театралност кога зборувате. Ако јас манипулирам, вие нема потреба со театралност да се занимавате . Да ве прашам, дали знаете зошто е испуштено од биографијата дали поседува возачка дозвола и од која категорија, бидејќи обично и такви квалификации ни дававте. А да правите споредба меѓу Сорбона и Косово, навистина не знам која е смислата.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За реплика се јави г-динот Абдилаки Адеми.

АБДИЛАКИМ АДЕМИ:

Благодарам г-ѓо потпретседател,

Иако колегите пред мене искажаа многу работи. Но, и покрај тоа јас би сакал да му реплицирам на излагањето на г-динот Жарко Караџоски.. Пред се г-дине Караџоски,г-динот Ментор Ќоку е државјанин на Република Македонија и роден во Делогожди - Струшко. Тој има работено на Косово во времето кога постоеше бивша Југославија, значи кога имавме судбина да живееме во таа заедничка држава. Додека во однос на тоа, затоа што тој работел и дејствувал на Косово и неможе да се избере овде, или да се предложи овде во Република Македонија, да се избере член на РСС, мислам дека оваа практика била и порано присутна во Република Македонија. Но, да ве потсетам вас и граѓаните, ние можеби сме го имале и првиот избран претседател кој никогаш не живеел во Македонија, мислам на претседателот на државата. Понатаму, говорите за искуството во судството. Кој може да биде член на РСС се утврдува во Уставот. И тука се вели дека може да биде секој правник со шест години работно искуство. И доколку ја видите неговата биографија тој има повеќе од шест години работно искуство и е потенцијален кандидат за да биде член на РСС. И околу гласањето да ви ја кажеме вистината, ниту очекуваме вие да гласате за овој кандидат и мислам дека не е пречка биографијата и не е пречка тоа каде тој работел, туку пречка е бидејќи овој член е Албанец. Нас ова сосема ни е јасно.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За контра реплика се јави г-динот Жарко Караџоски.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Прво, воопшто не ми е пречка тоа што е албанец. Јас кажав што ми е пречка. Инаку г-дине Адеми можеби во едно ќе се сложиме. Кога кадри од Косово директно можат да влезат во Влада преку УЧК или ОНА, па и во Собрание, зошто да не влезат и во РСС.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За реплика се јави г-динот Зоран Томиќ.

ЗОРАН ТОМИЌ:

Почитувана потпретседателке, почитуван колега Караџоски,

Јас би сакал да го вратам дигнитетот околу самата расправа. Почнавте многу добро, најпрво ги кажавте членовите на Уставот и амандманот по кој се тргнува. Јас само во интерес и на јавноста и на сите нас, најпрво би ви го прочитал членот 104 само првиот став дека РСС го сочинуваат седум членови. Цело време почитуван колега Караџоски се повикувате при предлозите за именување и избор на судии дека РСС работи во некомплетен состав. Еве, пред нас дојде предлог за дополнување со уште два нови члена. Бидете убедени, како што сум јас убеден дека за предлозите е извршена најдобрата можна консултација што претседателот како овластен предлагач ја има согласно член 84 став 1 алинеја 5 со сите институции. И мислам дека предлозите се базираат на едно богато искуство на предложените кандидати. Лично не ги познавам ниту едниот, ниту другиот. А околу онаа ваша забелешка и затоа реков да го вратиме како колеги правници дигнитетот на самата институција РСС. Повторувам дека предложениот кандидат за кого вие говоревте работеше во тогашниот единствен југословенски правен систем. Мислам дека тоа е многу битна околност, значи станува збор навистина за некое искуство кое тука го читаме во биографијата. А конечно и амандманот 14 не обврзува да постапиме согласно словото на Уставот и на законите и да го докомплетираме РСС.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За збор се јави Марија Којзеклиска.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Почитувана потпретседателеке,

Со оглед на дискусијата која се разви по однос на предлозите од претседателот Република Македонија и тоа г-динот Ментор Ќоку и г-динот Симеон Никодиновски за членови на РСС, само ќе надополнам една мала работа која колегите од позицијата упорно сакаат да ја премолчат.Покрај сите реплики што ги слушнав, ако веќе ја читаме биографијата на г-динот Ментор Ќоку, убаво стои дека од 1.05.1983 до 18.08.90-та година бил помошник на министерот при Секретаријатот за правосудство и управа во Косово. До 5.11.1996, значи  има период, или пауза од шест години во биографијата на почитуваниот г-дин Ментор Ќоку каде што не знаеме каде бил тој г-дин, значи од 18.08.1990 до 5.11.1996 ние немаме податоци за г-динот Ментор Ќоку каде се наоѓал, што работел и дали воопшто нешто работел. За да го

задржиме дигнитетот како што рече г-динот Зоран Томиќ и она што го кажуваше дека претседателот сигурно извршил определени консултации во однос на стручноста на овие два предложени кандидати. Прво, незнам како овие шест години му фалат во кариерата на г-динот Ќоку, како тој факт го заборавил претседателот. И во однос на биографијата на вториот кандидат г-динот Симеон Никодиновски, точно е дека тој цело време работи во ..

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Се извинувам, подоцна ќе има расправа за него. Сега е само за г-динот Ментор Ќоку.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Во однос на стручноста на овие два кандидати јас тогаш ќе се јавам за збор и за г-динот. Значи, стручноста, ако веќе доаѓа како основ за да можеме да ги бираме членовите на РСС, сметам дека и во двата случаи не е доволно исполнета. Претседателот на Република Македонија имаше време од пет месеци да размислува и да размислува и да утврди квалитетни кандидати . Ако не сакаше, ако му е интенцијата да не го партизира судството во Република Македонија пред се највисокиот орган кој ги избира и разрешува судиите во Република Македонија . Ние пред неколку седници имавме разрешување на претседателот на Основниот суд Скопје 1 на г-динот Боро Тасевски, претставник од РСС г-динот Југослав Миленковиќ и тогаш го зборував тоа што сега се повикува колегата Томиќ дека со пет гласови со непотполн РСС ние сакаме да бираме и да разрешуваме судии во Република Македонија. Значи ќе се навратам, не е пречката во биографијата, пречката е во принципот. Си го задржувам зборот за натамошна дискусија.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали некој друг бара збор по претресот за член на РСС г-дин Ментор Ќоку?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Објавувам пауза до 14,00 часот.

(По паузата седницата продолжи со работа во 14,05 часот).

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ги повикувам пратениците да влезат во салата, веќе пет минути доцниме.

Ги молам службите да го утврдат бројот на присутни пратеници во салата.

(Службите го утврдуваат бројот на присутни пратеници).

(Во меѓувреме во салата влегуваат уште пратеници).

Службите молам уште еднаш да го утврдат бројот.

(Службите го утврдуваат бројот на пратениците).

Во салата се присутни 61 пратеник, значи имаме кворум да продолжиме.

Бидејќи расправата е заклучена, предлогот Ментор Ќокур да биде избран за член на РСС го ставам на гласање и ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, 61 гласале за, нема воздржани, нема против.

Ги молам пратениците кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија да се произнесат по предлогот со кревањена рака.

Кој е за предлогот, молам да крене рака?

(20 пратеници креваат рака).

Кој е против предлогот, молам да крене рака?

(Ниту еден пратеник не крева рака).

Кој е воздржан, молам да крене рака?

(Нема).

Констатирам дека од вкупно 35 пратеници кои припаѓаат на заедниците што не се мнозинство во Република Македонија  за предлогот гласале 20 пратеници, нема против, нема воздржан пратеник.

Констатирам дека Ментор Ќоку е избран за член на РСС.

Отворам претрес по Предлогот Симеон Никодиновски да биде избран за член на РСС.

Молам, кој бара збор?

Ве молам господине Стојаноски имате збор.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Благодарам претседателе.

Тоа што го искажав и во дискусијата по однос на првиот предлог, тоа важи и за овој предлог, бидејќи ставањето на судството и контролата на работењето на судовите, имавме можност да ги видиме во досегашната пракса на работењето на РСС и во поглед на разрешувањето на одредени судови и во поглед на предлагањето на судии, па потоа повлекување на сите предлози, потоа исто така имаше можност да се види на кој начин функционира во однос на доцнењето со изборот на одредени судии и тн., меѓутоа овде паѓа во очи една основна работа.

Ние сме свесни дека недоследноста на парламентарното мнозинство во по однос на изборот на одредени функционери во Република Македонија е нормална работа, меѓутоа ова веќе ги преминува нормалните граници.

Несакајќи да навлегувам, навистина немам никакви лоши зборови што би ги кажал за предложениот кандидат, меѓутоа една основна работа што ја потенцираше

парламентарното мнозинство во целиот овој период од разрешувањето на претходниот состав на РСС, па до именувањето на овој состав и аргументите зошто се именува, ме доведува во една ситуацијаљ да навистина се прашувам како е можно 63 годишен човек да се поставува на вака одговорна функција со толку мал период до пензионирање.

Значи, ако функцијата член на РСС некој ја сведе на работен однос, на работно место, со измените на Законот што неуставно се донесоа, ако тоа се покажа како еден начин на кој што се ослободи РСС од оние кои не им беа подобни на парламентарното мнозинство, тогаш се поставува едно прашање зошто за две години треба да се поставува личност која треба да биде член на РСС, како што кажав само две години, а не лично што треба да го истера мандатот како член на РСС.

Мислам дека одговорот на ова прашање лежи и во делот на биографијата на господинто Никодиновски, што се однесува на неговото членување во ДИК во 1994 година. Видовме дека голем број членови на ДИК станаа или членови на Уставниот суд или членови на РСС. Тоа се случи и со одредени високи функционери во Владата на тогашниот премиер господинот Црвенковски, а сега оваа пракса продолжува, со тоа што на овој начин се сака да се стави крај на кариера на еден човек, со тоа што ќе биде член на највисокото тело што се занимава со избор, разрешуање на судии и што врши контрола над работењето на судовите. Неговото членување во Републичката изборна комисија, можеби претставува уште еден аргумент плус за претседателот на Република Македонија за да го предложи како член на РСС.

Факт е дека многу е побитно на кој начин ќе се донесуваат одлуките и кој како ќе гласа во РСС. Па, веројатно и тоа има влијание по однос на услувите што се прават на поедини личности, затоа што после тие мора да ги враќаат по пат на гласање што ќе биде согласно на кадровските потреби и решенија што се донесуваат во партиските штабови. Со тоа само се потврдува една теза дека декларативните заложби за независност на судската власт, за избор на судии кои уживаат углед во вршењето на својата функција на професијата, кои имаат, како што кажав за Апелациониот суд, ако се сеќавам добро, девет години треба да имаат стаж, работа на правни работи, оној кој се предлага за судија на Апелациониот суд. Меѓутоа, имавме случаи кога со само седум години живеење во Републиката се станува член на РСС. Што значи дека целосно се изместени принципите врз кои што

се оформува ова тело и на кој начин воопшто функционира во поглед на влијанието врз поефикасно и подобро функционирање на судовите во Република Македонија.

Да не должам многу, сметам дека самата биографија не можам да ја коментирам, членството во Републичката изборна комисија претставува еден аргумент што се поклопува со аргументите што се однесуваат на членовите на Уставниот суд и на Републичкиот судски совет и сето тоа ме доведува до заклучок дека се нема волја за создавање независно судство, туку се води сметка само за реализација политичките интереси на владеачките партии.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Ги молам пратениците да влезат во салата бидејќи треба да пристапиме кон гласање.

Ги молам пратениците да седнат на своите места.

Предлогот Симеон Никодиновски да биде избран за член на РСС го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратении, 60 пратеници гласале за, 1 пратеник гласал воздржано, нема против.

Констатирам дека Симеон Никодиновски е избран за член на РСС.

Ги молам службите да го утврдат бројот на пратениците во салата, заради потврдување на гласањето.

(Службите го утврдуваат бројот на пратеници во салата).

Во салата во моментот на гласањето биле присутни 65 пратеници.

На избраните членови на Републичкиот судски совет им го честитам изборот.

**Минуваме на точката 8 - Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Република Македонија и Србија и Црна Гора за правна помош во граѓанските и кривичните предмети, со Предлог на закон**.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучубвам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниов Заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Република Македонија и Србија и Црна Гора за правна помош во граѓанските и кривичните предмети.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 55 пратеници, 55 гласале за, нема воздржани, нема против.

Во салата се присутни 64 пратеници.

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 52 пратеници, 52 гласале за, нема воздржан, нема против.

Во салата, во времето на гласањето, иако не беа сите на своите места, беа присутни 64 пратеници.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Ве молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

За Предлогот на законот гласале 55 пратеници, 55 гласале за, нема воздржани, нема против.

За да бидеме на сигурната страна, ги молам службите да го утврдат бројот.

(Службите го утврдуваат бројот).

Во салата биле присутни во моментот на гласањето 61 пратеник.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Договорот меѓу Република Македонија и Србија и Црна Гора за правна помош во граѓанските и кривичните предмети.

**Минуваме на точката 9 - Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот за слободна трговија помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Молдова, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниов Заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Договорот за слободна трговија помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Молдова.

Пред да повикам на гласање, ги молам пратениците да влезат бидеји мислам дека сме 60 пратеници во салата.

Во меѓувреме некои пратеници излегоа.

Молам службите нека го утврдат бројот, дојде еден пратении, да видиме дали имаме 61 пратеник.

(Службите го утврдуваат бројот).

Во салата се присутни 61 пратеник.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 56 пратеници, 56 гласале за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот?

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 58 пратеници, 58 гласале за, нема воздржан, нема против.

Во салата се присутни 61 пратеник.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ве молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејки никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Гласале 58 пратеници, 58 гласале за, нема воздржан, нема против.

Во салата се присутни 61 пратеник.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот.

Дали имаме претставник од Министерството за финансии по точката 10? (Нема).

**Минуваме на точката 11 - Предлог на одлука за издвојвуање на Секторот за истражување на јавното претпријатие Македонска радио телевизија.**

Предлогот на одлуката,мислењето на Владата и Извештајот на Комисијата за транспорт, врски и екологија Ви се доставео, односно поделени.

(Во овој момент пристигна министерот за финансии).

Ќе се вратиме на таа точка, сега да ја завршиме оваа.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор?

Повелете г-дине Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Во овој случај имаме донесување на Предлог на одлуки за издвојување, тоа се група од 4 предлози кои ги поднесува Јавното претпријатие Македонска радио телевизија.

Првото е издвојување на Секторот за истражување.

Второто е Одделението за дизајн на програмите.

Третото е Секторот за маркетинг и

Четврто, давање на согласнсот на Одлуката за склучување договор за деловно-техничка соработка. Тоа се точките 11, 12, 13 и 14.

Бидејќи образложението за сите овие точки на дневен ред е исто, па би сакал да прокоментирам токму во оваа точка, да се осврнам на сите делби и издвојувања, потоа не би коментирал за останатите одлуки. Горе долу се однесува на истата содржина и истото она што требаше Јавното претпријатие Македонска радио телевизија.

да ни го даде како предлог.

Собранието на Република Македонија расправаше во врска со трансформацијата и реорганизацијата на Јавното претпријатие Македонска радио телевизија.

на 26-та седница одржана на 27.06.2003 година и по истата и достави програма до Владата на Република Македонија.

Во таа програма е утврдено и издвојување на делови од Јавното претпријатие Македонска радио телевизија.

и нивно приватизирање, но нашата Влада, поради преголема зафатеност, се надевам нема некои други обврски, сето ова го разгледа и го подржа на својата

седница на 24.05.2004 година, значи скоро по една година од собраниската расправа. Зошто, кога и тогаш се говореше за алармантна состојба во ова ЈП и дека треба да се делува многу брзо, дека направивме планови и програми кои ќе делуваат многу брзо во однос на санацијата на програмската шема на Македонска радио телевизија.

и техничко-технолошко оспособување на програмата, со тоа што би биле конкурентни на нашиот и на странскиот пазар.

После оваа одлука на Управниот одбор на Јавното претпријатие Македонска радио телевизија.

и требаше цели два месеци да донесе одлуки за донесување на овие одлуки кои денес се пред нас, пред Собранието.

Владата позитивно се изјасни после еден месец на 13.-09.2004 година, и даде позитивно мислење за сите одлуки, но на 13.10.2004 година ние добиваме Информација , таа е последната Информација од Владата на Република Македонија во која во точка два од Мислењето на кое е потпишан претседателот на Владата на Република Македонија Хари Костов, се кажува Владата на Република Македонија дала позитивно мислење на одлуката за склучување договор за деловно-техничка соработка со тоа што во точка три да изостанат зборовите “преземање на вработените”.

Значи, после еден месец повторно ново мислење, но тоа е тоа што хронолошки се случуваше од 27.06.2003 година до денес 19.10.2004 година, значи поминати цели 16 месеци.

Конкретно за овие одлуки од она што го искажа директорката на ЈП дека овие одлуки се носат за заштеди во ЈП, ќе се направат договори со овие нови фирми во првите години да работат под ексклузивни услови и да соработуваат со Македонска радио телевизија.

Но, и со останатите куќи во државата. Обезбеденост на нивните работни места, значи луѓето што работат во овие фирми, одделенија и сектори би биле обезбедени, за жал, ова не го потврдува Мислењето на Владата кое го добивме на 13.10.2004 година. Развојот на овие фирми би бил во секој поглед подобар и обезбедување исклучителен квалитет на програмата.

Во однос на четвртата одлука, тоа е Одлуката за која говоревме за склучување на договор каде се говори, тоа е јавно познато, дека Јавното претпријатие Македонска радио телевизија.

има најквалитетни студија, но техничката опрема во нив е премногу застарена и има потреба од склучување на Договорот за техничка соработка. Сето ова како објаснување кое го добивме од директорката Програмата, трансформацијата и реорганизацијата се е во ред, но тука недостасуваат клучни податоци според кои ние како пратеници правилно ќе треба да донесеме одлука. Одлуката треба да ја донесеме ние како основачи на ова ЈП . За мене најважна работа е пресметката и финансиските резултати и услови што се добиваат со овие одлуки. Дали Македонска радио телевизија токму ова што се кажува дека треба да се добие, ќе го добие.

Значи, неколку клучни прашања на кои јас лично немам одговор или не ми е доставен во Инфорамцијата за да можам правилно да одлучам.

Под прво колкав е бројот на луѓето што ќе се издвојат од овие сектори и одделенија? Тоа никаде не е поставено, поставени се само одлуките за оделување на секторите и одделенијата.

Под два, колкава е финансиската заштеда со нивното издвојување од Јавното претпријатие Македонска радио телевизија?

Под три, колакви се издвојувањата на техничките средства кои со себе треба да ги понесат во овие сектори или одделенија? Дали за тоа постои пресметка, кои се тие и колку треба од овие технички карактеристики и средства кои ги има МРТВ да ги издвојат за да се формираат овие фирми.

Колку со ваквите издвојувања губи финансиски Јавното претпријатие Македонска радио телевизија?

Под четири, дали после една или две години услугите на овие одделни организации не би ја довеле Македонска радио телевизија во понезгодна ситуација со своите цени кои, како приватни организации, ќе ги прават според условите кои владеат на пазарот значи вопазарна економија, едноставно ова ние што го говориме до сега дека ќе имаме подобри услуги сигурно дека тие услуги ќе треба Македонска радио телевизија подобро да ги плати, без разлика на она што во моментот тие се дел од Македонска радио телевизија.

Под пет, колкави ќе бидат тие ексклузивни договори со овие фирми или ДОО кога знаеме дека за ЈП важат законите за јавни набавки, а вие кажувате за ексклузивитет, што со оние кои ќе понудат подобри услови, дали за истото ќе се носи нов закон. Ова е она што расправавме и по ребалансот на Буџетот во кој говориме голем дел од средствата останале поради новиот Закон за јавни набавки и поради строгата контрола. Но, тука се нуди нешто што е далеку од јавни набавки, јас

се согласувам дека можеби овие фирми треба да имаат ексклузивитет, но од друга страна за да се направи тоа треба да се донесе некој посебен закон кој би следел заедно со овие за да можат тие фирми да почнат да работат и да ги склучат договорите со Јавното претпријатие. Инаку, во нормални услови сигурно дека тие фирми кои ќе понудат подобри услови се оние што треба да работат со ЈП.

Ова е од страната на она што требаше како пратеници да го знаеме пред да донесеме одлука, значи, ни требаа бројки за кои многу дефинитивно финансиски ќе можевме да одлучиме дали ова е во насока на подобрување на финансиската состојба на ЈП, затоа што во дадениот момент од тргнување на оделно одделение или сектор или одредена група на луѓе не значи дека таа е заштеда, можеби е моментална која понатаму ќе репродуцира поголеми трошоци во ЈП , значи со тоа ние не добиваме заштеда туку добиваме трошок кој понатаму ќе го искаже ЈП. Но, и во самите одлуки кои што тука ги имаме пред нас со формирањето во членот два каде што стои истото за дали е одделение за дизајн или другите сектори , ќе се приватизира преку Агенцијата за приватизација во согласност со одредбите на Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал.

Но, тука има еден голем проблем, а тоа е, ќе се обидам хронолошки да го појаснам, многу време за вакви одлуки помина така што Агенцијата за приватизација, бидејќи ова се расправаше на Собранието на Република Македонија на 27.06.2003 година, Агенцијата за приватизација ја заврши својата работа на 31.12.2003 година. Значи, со Одлука на ова наше исто Собрание ние ја продолживме работата до 30.09.2004 година. Денеска е 19.10.2004 година, значи 20 дена Агенцијата за приватизација не постои, своето работење ќе го заврши на 31.12.2004 година и со тоа ЈП ќе треба да биде во некое од оние претпријатија штопонатаму ги преземаат ингеренциите од Агенцијата за приватизација.

Дали со ова што ќе донесеме одлука како пратеници, треба да размислиме дали носиме правилна одлука, правилна одлука во смисла, јас не сум правник да знам како тоа изгледа, но знам дека акоденеска ја донесеме одлуката најрано би било функционално додека заврши седницата некаде 1 ноември, значи еден месец нема да постои, како ќе ја изврши приватизацијата можеби вие подобро знаете од мене, а за сит еовие услови за кои претходно говорев во кои МРТВ или предлагачот, предлагач е сигурно ЈП и ова што како мислење го имаме од Владата, мислам дека требаше да биде проследено со она што го говоревме пред малку со финансиски извештај за сето ова што ЈП добива, што од ова се губи. Колку вработените имаат гаранција дека можат, според ова што го кажуваше директорката да ги задржат

своите работни места како би работеле и како би можело да се регулира прашањето што понатаму и како ќе добијат ексклузивитет во работењето со Македонска радио телевизија во наредната една или две години.

Ова се работи кои ги добивме ад-хок и материјалите за оваа седница беа добиени многу подоцна отколку закажувањето на редовната седница, беа и на Комисијата за транспорт, врски и екологија каде се разгледуваше оваа ситуација, но одговори не добивме.

Јас како пратеник едноставно не можам да се одлучам и да кажам и покрај сите прифаќања на трансформации и реорганизација на Македонска радио телевизија, мислам дека без овие податоци било кој од нас не би можел да донесе правилна одлука, можеби во моментот имаше време, од таа седница помина веќе една недела, мислев дека во меѓувреме ќе бидат доставени дополнителни информации, но тоа не се случи, затоа јас не ќе можам да гласам за овие одлуки.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За збор се јави генералниот директор на Македонска радио телевизија.

Повелете госпоѓо Стошиќ.

ГОРДАНА СТОШИЌ:

Почитувани пратеници, сите тие што беа тука на седницата на Собранието кога се разгледуваше Извештајот за работата на Македонска радио телевизија во изминатата година, но и сите пратеници кои го добиле Извештајот бројките ги има таму. Сега можам накусо да повторам, тоа се само трошоци врз основа на бруто плати и врз основа на она што се трошоци како учество за струја, вода и слични работи во она што е трошок на Македонска радио телевизија, а троокот би билоколу 2,5 милиони денари во моментот.

Значајно е да се каже дека во тој трошок кој ќе претставува месечна заштеда на Македонска радио телевизија цело време ниту сценографијата се изработува, бидејки колку што разбрав се отвори дискусија за сите елементи, за сите одлуки за издвојување, ќе почнам од сценографијата ниту се призведува сценографија веќе одамна во Македонска радио телевизија, туку ова Одделение за сценски дизајн работи само на идејно обликување на дизајнот на сцената, а се друго се врши надвор дали по пат на тендери, дали по пат на компензација, но целото тоа го имаше во Извештајот , како и во Извештајот за работата во 2003 година.

Значи, трошоците за изработка на дизајнот на сценографијата веројатно повторно би се појавувале. Во овој случај е корисно да напоменеме уште една

работа, класичната изработка на сценографијата во областа на радиодифузијата и посебно во областа на телевизијата полека се надминува со нешто што се нарекува графички дизајн. Во еден близок момњнт од развојот на Македонска радио телевизија, со надминати финансиски проблеми не е никаков проблем да се купи графичка станица и така е предвидено со Програмата за техничко-технолошки развој на Македонска радио телевизија, да потсетам, ја доставивме минатата година во јуни месец овде, а тоа е замена на класичниот начин на изработка на сценографија со нови компјутерски сценографии кои фактички претставуваат виртуелни студија. Тоа е еден елемент, тогаш тоа е многу поефтино, бидејки се исплатува по веќе 6 месеци.

За што се решаваме? Јас ќе го повторамона што го пишува во Извештајот во Секторот за истражување кога се поднесуваше програмата имаше 9 сега има 5 вработени. Во Секторот за маркетинг има 17 , во Секторот за сценски дизајн 34 и неколку хонорарци.

Значи, она што е сигурно е дека на пазарот мислам на медиумскиот во областа на радиодифузијата сите овие три нови претпријатија кои утре ќе се создадат апсолутно имаат сигурна иднина, бидејки се работи за специјализирани фирми кои ќе можат на овој начин навистина да го покажат претприемаштвото, да рашират пазар и да имаат многу повеќе клиенти отколку да бидат врзани само за Македонска радио телевизија и за нејзините потреби.

Тоа е одговорот на неколкуте од прашањата.

На второто како сето ова законски би се завршило, и покрај тоа што 20 дена не постои формално Агенцијата за приватизација, не мислам дека е крај на приватизацијата и трансформацијата на сите ЈП во Република Македонија. Значи, по оваа одлука ќе следи некоја постапка ако не Агенцијата, тогаш нејзините правни наследници, ако е прашањето кој ќе ја прави проценката и таа е во рацете на државни органи, бидејќи МРТВ трансформацијата на нејзиниот капитал односно претворањето од општествен во државен е завршена со Законто за основање на ЈП Македонска радио телевизија од февруари 1998 година кога во членот 3 е запишано дека тој капитал станува државен.

За ексклузивитетот, да, нашата желба е да им дадеме шанса да работат со нас, јас претпоставувам дека во договорите при приватизацијата, но се разбира, тоа ќе го прави Агенцијата и надлежните органи воопшто не е на одмет ниту е спротивно на законите и на Законот за јавни претпријатија и за јавни набавки да стои дека во рок од 6 месеци или една година на тоа претпријатие што се формир аму се дава

предност, на пример за исти услови да ја добие работата од ЈП Македонска радио телевизија, така го велат тоа стручните служби во Македонска радио телевизија, јас не мислам дека е тоа спорно на законите, според тоа што го знам.

Сакам да кажам нешто околу мислењето на Владата. Тоа е токму затоа што се “изгубени” неколку месеци заради тоа што во почетокот оригиналната програма за трансформација и предлогот до Владата на мислење, за да стигне на Собранието на седница беше приватизација и на музичко касетната продукција. По проверката на пазарот, по добивањето на сугестии, меѓу другото и од ЕБ ние сами предложивме да нема приватизација на музичко касетната продукција, туку договор за техничко-деловна соработка. Тој е различен од овие три одлуки. Значи точката 14 бара давање согласност за склучување таков договор. Во таа ситуација се разбира дека вработените остануваат вработени во тој дел и дека тука не се разговара за некој друг вид трансформација.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Мавровски, три минути реплика.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Нешто ново во однос на ова што го говоревме и на Комисијата, од она што го кажа јасно слушнав. Кажувате дека сценографијата и сега се работи со тендери и она што вие го давате со компензации од надворешни фирми изведувачи, а од друга страна не убедувате дека тие луѓе што сега работат таму едноставно нивните работни места ќе бидат загарантирани и дека тие ќе успеат да се наметнат не само на Јавното претпријатие, туку ќе работат и за други фирми.

Според ова што вие го кажувате значи овие луѓе и сега како вработени немаат што да работат, или не работеле ништо и вие на овој начин сакате ова како дел од Јавното претпријатие да го елиминирате.

Во овие два и пол милиони денари месечна заштеда кажувате струја - вода, но од друга страна имаме во Секторот за искажување само 5 вработени, а во Секторот за маркетинг 17 вработени, кои што дали и понатаму ќе работат и како ќе работат зависи од многу други работи.

Овие виртуелни струењеа што го кажувате, тоа го работат веќе и приватни телевизиски станици, така да тоа апсолутно не е ништо чудно и ништо необично кога се работи и за Македонска Радио Телевизија.

За ексклузивитетот кажувате 6 месеци до една година, а јас повторно мислам дека некој може да ја отповика таа одлука, а за Агенцијата за приватизација исто така стои, според мене, дали тоа ќе бидат наследниците или кои, мислам дека

и во чиста ситуација кога Агенцијата за приватизација можеше да го направи ова не го направи, останува ова под знак прашање, што како и до кога ќе може сето ова да се заврши.

За бројките мислам дека овие два и пол милиони денари се кажани така во овој момент без пресметка, и понатаму стојам дека со ваквата информација, посебно бидејќи имате 4 одлуки за секоја би требало да ги информирате пратениците и да имаме точни податоци за што всушност се работи со оваа трансформација и со овие објавувања на овие три сектори.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г. Трендафилов имате збор.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Овој предлог на Македонска Радио Телевизија како Јавно претпријатие формирано од Собранието по многу потсетува на експериментот кој го направи Министерството за образование при трансформацијата и формирањето на некаква приватна компанија која на Министерството за образование по училиштата ќе ги дава услугите во областа на сметководството. За жал свесни се и раководните лица во Министерството за образование дека тој ексклузивитет или таа надмоќ која сега ја ужива таа ново формирана компанија на пазарот е неодржлива во еден нормален временски период и тие сеуште своите плати ги примаат од Буџетот. Да потсетам дека Владата тогаш тврдеше дека на тој начин ќе постигне заштеда. Како да е пресликан моделот и во Македонска Радио Телевизија и повторно овој пат од Јавното претпријатие доаѓа предлог до пратениците дека во иднина трансформацијата на овие одделенија и сектори на Македонска Радио Телевизија ќе донесе на матичната куќа заштеда од два милиони денари, но не ми е јасно дали ние како Собрание ќе испратиме една таква порака во јавноста дека на пример ние сме подготвени и покрај тоа што во Уставот е наведено дека конкуренцијата, а не ексклузивитетот треба да биде примерна во нашите одлуки. На пример државата е основач и на Сувенир - Самоков, па ние никаков третман како што е овој немаме како пратеници покажано како што имаме покажано кон Македонска Радио Телевизија, со секоја чест на луѓето кои работат таму. Ние сме свесни дека Македонска Радио Телевизија не е во незавидна финансиска ситуација и дека дури и ова да помине во Собранието на Република Македонија нема воглавно да ја смени нивната финансиска слика. Напротив од она што ние ќе го покажеме како Собрание е дека пратениците во Собранието на Република Македонија понекогаш знаат да дадат приоритет на одредени професии, а понекогаш знаат по други професии да се

покажат доста ригорозни без оглед дали станува збор за права во поглед на здравствено, социјално, пензиско и секаков вид на осигурување. Значи, принципиелно ние како Собрание можеби најпаметно би било и од самиот предлагач да ги повлече барем овие две точки затоа што термините ексклузивитет во старт даваат порака дека ова претпријатие кога како трансформирано би се појавило на пазарот би имало во џепот веќе еден клиент за разлика од сите други кои евентуално се занимаваат на пазарот трошејќи ги или нудејќи ги истите услуги, а се формирани, или нивното формирање е поттикнато исклучиво од приватен капитал.

Без оглед што станува збор за претпријатие формирано од Собранието на Република Македонија, Република Македонија  и нејзините институции како држава досега понекогаш се покажале доста ригорозни во негативна смисла на зборот и кон вработени кои работеле во такви претпријатија или институции кои се формирани од државата.

Особено ми дава за право што ја даваме компарацијата со Министерството за образование, затоа што ако тргнеме по таа аналогија Министерството во Буџетот на Република Македонија не направило заштеда, иако тоа беше кажувано од самото Министерство како еден широк реформски зафат кој ќе го растовари Буџетот на земјата за износ на вработените во училиштата кои се занимаваат со сметководство.

И овој пат најмалку што можеме да претпоставиме дека ќе се случи е овие две одделенија, овие два сектори кои би се одвоиле во иднина да ги потпишуваат по таа аналогија на ексклузивност и да ги вршат практижно истите услуги кои сега ги вршат во Македонска Радио Телевизија и за тоа да добиваат одреден надомест. Да не го занемариме тоа без оглед што и претставникот на Македонска Радио Телевизија истакна дека јавните претпријатија не се трансформирани во целст и дека сепак ќе следи некаква одлука која треба да го продолжи векот на живеење на Агенцијата за приватизација, или на нешто слично како што беше тоа.

Сепак за овој предлог мислам дека е брзоплет. Верувам дека барем повеќето пратеници во Собранието се свесни за улогата и севкупното значење на Македонска Радио Телевизија и затоа можеби е попаметно да го повлечеме овој предлог отколку да направиме некаков брзоплет чекор каде што не сосем до крај ни се јасни последиците и правецот по кој треба да се движиме со Македонска Радио Телевизија, туку конкретно овие досегашни делови што постојат во Македонска Радио Телевизија, кои што со измената на нивниот статут треба да претставуваат деловни претпријатија кои ќе се занимаваат и на пазарот во земјата.  Тие за жал се

далеку пред нивните конкуренти затоа што тие во џебот ќе имаат барем по еден договор со Македонска Радио Телевизија по пат на ексклузивност, а да потсетам, во Уставот на Република Македонија пазарната економија, либерализацијата на економските односи е една од основните темели врз кои почиваат тие економски и човечки права и слободи. Значи, јас не сакам со еден брзоплет чекор и Собранието и Македонска Радио Телевизија како институција и вработените да влеземе во еден експеримент за кој не сме сигурни какви се последици ќе предизвика.

Знам дека таа заштеда кога се кажува од претставникот на Македонска Радио Телевизија не верувам дека ќе се случи исто како што не се случи заштедата по однос на реформите во образованието во Република Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г. Трендафилов, ама знаеме со актуелниот експеримент какви проблеми се имаме.

Повелете господине Шапуриќ имате збор.

ЗОРАН ШАПУРИЌ:

Благодарам претседателе, почитувани колеги пратеници,

Јас би сакал само неколку збора да кажам виза ви овие дискусии. Значи, не е реплика, туку сосема кратка дискусија.

Потребата на реформите во рамките телевизискиот дифузен сервис е неопходна, па во рамките на тоа и на Македонска Радио Телевизија. Јас мислам дека постои консензус меѓу сите пратеници во Собранието кои што знаеме дека е основач на Македонска Радио Телевизија. Значи тука нема никакви разлики. Јас колку што ги разбрав колегите од опозицијата тие се жалат на некоја динамика и на методологија на приватизација. И самите тие кажаа дека многу доцниме со оваа трансформација или реформа.

Сите ние знаеме дека притисокот од релевантните меѓународни организации за трансформација на Македонска Радио Телевизија односно за реформите се веќе толкави да се укажува дека на овој план веќе 12 години ништо не се прави и проблемот се одлага. Сега бидејќи можеби и традиционално, не само во оваа сфера туку и во други сфери имаме една пракса да ги одлагаме проблемите, но ако и во овој случај и понатаму го одложиме проблемот ние ќе се соочиме со страшни проблеми не само заради виза ви обрските спрема меѓународните заедници и Европската унија и некои други меѓународни организации туку и внатре, затоа што условите на работењето според кои работи ова јавно претпријатие, значи

пред 13-14 години се радикално сменети. Знаеме дека веќе постои огромна конкуренција во оваа сфера, не постои монопол, а се разбира притоа постојат одредени обврски кои што стојат за ова јавно претпријатие, а кои што се елеминирани или пак во сосема мала мера се сведени за другите медиуми во оваа област и оттаму не би можеле да чекаме со оваа трансформација. Што е најважно во ова, покрај сите овие работи што беа кажани и во воведното излагање и во другите излагања.

Најважно е тоа што, јас колку што разбрав дека со оваа трансформација ниту еден вработен во Јавното претпријатие Македонска Радио Телевизија нема да остане без работа. Исто така ќе има еден период на адаптација, во таа смисла би можела да појасни директорката во смисла како мисли да се подготват овие сектори за да работат во нови услови. Исто така колку што имавме прилика да следиме и во јавноста и како пратеници дека согласност или позитивно мислење за овие работи кои се предлагаат, не само со оваа одлука, туку и за другите одлуки, да има позитивно мислење и од синдикатот како најрелевантен претставник на вработените во Македонска Радио Телевизија.

Оттаму сметам дека овој концепт што го имаме, а може да се понудат можеби некои амандмани, или поконкретни забелешки не беа понудени сепак треба да се прифати, инаку се разбира дека би можело вака да биде регулирано и место за коментари, дискусии и критики секогаш имало, меѓутоа мора да се тргне со оваа трансформација.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Молам, дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и пратениците ги повикувам да влезат во салата за да пристапиме кон гласањето.

(Некој пратеници влегуваат во салата)

Ги молам службите да го утврдат точниот број на присутните пратеници во салата.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Во салата се присутни 61 пратеник.

Гласале 55 пратеника, 51 гласале за, 4 воздржани нема против.

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката.

Минуваме на точката 12 - **Предлог на одлука за издвојување на Одделението за дизајн на програмите на Јавното претпријатие Македонска радио телевизија.**

Предлогот на одлуката, Мислењето на Владата, Извештајот на Комисијата за транспорт, врски и екологија, Ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Во салата се присутни 61 пратеник.

Вкупно гласале 58 пратеника, 54 гласале за, 2 се воздржале и 2 против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката.

Минуваме на точката 13 - Предлог на одлука за издвојување на Секторот за маркетинг на Јавното претпријатие Македонска радио телевизија.

Предлогот на одлуката, Мислењето на Владата и Извештајот на Комисијата за транспорт, врски и екологија, Ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор?

Има збор господинот Аднан Ќахил

АДНАН ЌАХИЛ:

Маркетингот на МРТВ има економска функција, но треба да се каже дека тоа е дел од јавна функција на куќата, посебно во услови кога МРТВ е единствена од електронските медиуми која ја зрачи својата програма до сите граѓани. Со законските одредби МРТВ има право да емитува маркетиншка програма и во делот на економската и политичката пропаганда. Сега се предлага одвојување на овој суштински дел од куќата и препуштање на неизвесност, иако тоа е оној простор каде што МРТВ може токму сама да се ангажира да ги зголеми своите приходи.

Јавните сервиси во европските развиени земји имаат можност за вршење на маркетиншки услови и тие се повеќе во последниве години ги унапредуваат, а се помалку се потпираат врз радиодифузна такса. Тоа искуство секако треба да се доградува. Наспроти изложениот предлог да му се внесуваат околности кои не гарантираат сигурни приходи и сигурност во преземањето на тие средства. Тоа е едната димензија, а другата димензија што се предлага одлука за издвојување на маркетингот, без да се направи некоја подлабинска анализа што би значело тоа во

идното работење на МРТВ во оваа насока, особено во делот на заедниците, затоа што знаеме сега маркетингот е на некој начин централизиран.

Прашањето дали со ова програмите на заедниците што се сега на третиот канал ќе добијат или ќе изгубат, јас едноставно неможам да видам некаква анализа. Веројатно се одело од предлогот дека треба маркетингот да се издвои, за да едноставно можеби се зголеми можноста и ефикасноста во прибирањето средства од рекламите, но мислам дека во таа насока треба да се направи поподробна анализа и паралелна анализа со искуството со развиените земји. Тоа го немаме и мислам дека само донесување на одлука да се приватизира, за овој дел што е маркетинг, не би требало ние да прифатиме и тоа не само во овој дел и во делот на примената и линкот што ќе ја има идната поставеност на МРТВ и како што чувме дека на кој начин ќе функционира МРТВ уште не се знае. Мислам дека е ова преусилена одлука и мислам дека требаше поподробно да се направи анализа, особено во овој дел на маркетингот да имаме подобри анализи што значи приватизирање на овој начин, односно одвојување а потоа приватизирање, или пак ако не се приватизира, зошто се одвојува и што значи тој линк да функционираат како посебни целини. Јас од овој предлог тоа неможам да го видам и за овој предлог нема да гласам. Благодарам.

ЉуПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Службите нека го утврдат бројот на присутните пратеници во салата.

Во салата се присутни 61 пратеник.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 56 пратеника, 52 гласале за, нема воздржан, 4 против.

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката.

Минуваме на точката 14 - **Предлог на одлука за давање согласност на Одлуката за склучување договор за деловно техничка соработка.**

Предлогот на одлуката, Мислењето на Владата, Извештајот на Комисијата за транспорт, врски и екологија Ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

СПИРО МАВРОВСКИ:

Немав намера да дискутирам, но веќе некои работи се изнесоа во однос на оваа одлука за склучување договор за деловно-техничка соработка, бидејќи директорката говореше за некој ексклузивитет кој може да биде даден при склучувањето на договорите од 6 месеци до една година. Јас би сакал оваа одлука за склучување договор за деловно-техничка соработка да можам да ја прочитам да бидат запознаени граѓаните на Република Македонија за што се работи. Се одобрува склучување на договор за деловно-техничка соработка за заедничка соработка, за заедничко стопанисување со музичките студија М-1, М-2 и М-3, оркестрите на МРТВ и касетното производство, за период од пет до десет години. Изборот на партнер да се изврши по пат на јавно огласување со преквалификација, со договорот да се уредат правата и обврските на договорните страни, а особено опремување на студијата, превземање на вработените, најмалку копродукциски односи во производство на фонограми и четвртиот член, одлуката да стапува на сила по добивањето согласност од основачот на ЈП МРТВ. За оваа одлука која што ја донесува Управниот одбор на ЈП МРТВ, врз основа на член 17 став 1 точка 20 од Статутот на 22.07.2004 година е донесена, мислењето на Владата од 13.09.2004 година, кое што се однесува точно за оваа одлука кажува: Владата на Република Македонија дава позитивно мислење на Одлуката за склучување договор за деловно-техничка соработка, со тоа што во точка 3 да изостанат зборовите “превземање на вработените”. Потпишан претседател на Владата на Република Македонија Хари Костов, на одлуката која е донесена од Управниот одбор на ЈП МРТВ заменикот претседател Зеќир Селими. Значи ова не е како одлука испратено до Владата и до нас како пратеници за кои што ние треба да гласаме, го имаме Мислењето на Владата каде што се кажува дека зборовите: “Превземање на вработените” треба да отпаднат и периодот за кои што овој договор треба да се склучи, тоа е период од пет до десет години. Токму поради ова мислам дека должиме некое објаснување, посебно директорката, во однос на ова што значи мислење на Владата, дали се консултирани Управнот одбор и таа како директорка на ЈП  и дали со ова се согласуваат во однос на вработените. Значи со ова непревземање на вработените, јас го подразбирам вработените едноставно да бидат отстранети од своите работни места. Ако е поинаку, мислам дека некој треба тоа да го демантира и да каже дека тоа не е така. Јас мислам дека е така и не би гласал за ова.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Збор има генералниот директор на ЈП МРТВ госпоѓата Гордана Стошиќ.

ГОРДАНА СТОШИЌ:

Значи давање согласност за договор за дело за техничка соработка, самиот мислам дека се кажува и најмалку очекував дискусија по ова. Значи се отстапува по првобитниот концепт кој што го имаше пред една година на давање на студијата под концесија или пак нивна приватизација, бидејќи тоа би значело губење на продуцентските права на МРТВ. На овој начин се оди на деловна и техничка соработка. Ние знаеме што ќе бараме од евентуалните партнери, а тоа е вложување во опремата, бидејќи наш капитал се студијата, вработените во музичко касетната продукција, со нивните знаења, умеења и квалитети и зошто е договорот, зошто е рокот од пед до десет години? Заради тоа што на пазарот треба да видите за што ќе имате интерес. Сакам да кажам дека по мислење на одредена група правници и на правниците внатре во куќата исто така, можеби не е ни нужно договорот за дело за техничка соработка да се најде на седница на Собранието. Но заради тоа што е ова дел на вкупниот процес на трансформација на куќата, ние сакавме и заради транспарентност во спроведување на тој процес, оваа одлука да добие согласност токму од основачот.

Инаку, поентата е да се задржи продуцентското право врз се она што ќе се создаде во студијата на МРТВ, а да се добие свеж капитал од партнер во таа деловно-техничка соработка. И тоа е многу подобра варијанта, бидејќи сопственоста не се губи ниту во еден момент.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Ги молам служите да го утврдат бројот на присутните пратеници во салата.

Во салата се присутни 61 пратеник.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, 56 гласале за, 2 воздржани, 3 против.

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката.

Минуваме на точката 15 - **Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за извршување на санкциите, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на закон со Предлогот на закон и извештаите на работните тела на Собранието, Ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор?

Повелете господине Караџоски, имате збор.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Почитуван претседателе, колеги пратеници,

Овој закон ни го предлага Владата како закон со кој треба да се гради правен основ, во врска со приходните намени за финансирање на единиците на локална самоуправа, а тоа е правен основ за извршување на паричните казни за сторените казнени дела. Инаку, самиот закон што се предлага не е обемен, тоа е еден член, поточно членот 231 кој се менува и тука некоја новина е ставот 3, каде што се предлага дека средствата од останатите 50% во став 1 од овој член во висина од 25% се однесуваат сразмерно на буџетите а општините на чие подрачје се наоѓа судот што ја изрекол казната. Инаку, стариот член кој што се менува не предвидуваше една ваква одредба, туку средствата во висина од 50% се користат како наменски средства за изградба, опремување, осовременување на условите за работа во установите и правосудните органи. Значи стариот член 231 и сега новиот во став 2 ја задржува истата одредба. Значи сите оние средства кои ќе се приберат во Буџетот на Република Македонија кои се наплатени од паричните казни и понатаму се уплатуваат на сметка на Буџетот на Република Македонија, со тоа што 50% од тие средства ќе бидат користени наменски и тоа за изградба и опремување, осовременување на работните простории на установите и правосудните органи. Сега остатокот од 50% од овие исти средства, согласно Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа, предлагачот предлага да се делат на две, поточно 25% од нив да се внесат сразмерно во буџетите на општините во кој што се наоѓа судот што ја изрекол казната. Остатокот од 25%, останува и понатаму во Буџетот на Република Македонија. Сега мене тука ми е дилемата, ако веќе сме предвиделе на единиците на локална самоуправа финансиска самостојност.

Не ми е јасно зошто предлагачот овој остаток од 50% кој што го нуди со новиот предлог на закон, го распределува на половина што значи 25% да одлучува единицата на локална самоуправа, а 25% да одлучува повторно буџетот односно Владата или Собранието на Република Македонија. И, со оние 50% кои што се наменски, тоа би дошло некаде 75% иако така не може збирно да се гледа. Значи 50% се наменски, овие 25% остануваа приход вкупен во рамките на буџетот. Сметам

дека ако веќе одиме кон финансиска децентрализација, комлетна децентрализација на единиците на локална самоуправа, незнам зошто мораше ваков член и зошто мора да се гледа со една таква недоверба кон единиците на локална самоуправа, за да го преполовуваме тој износ, кој што се нуди со овој закон.

Тука се поставува прашањето врз основа на кој критериум овие 25% кои ќе бидат приходувани дали се тие довони за единиците на локална самоуправа и фактички како тоа сразмерно ќе се внесува во буџетите на општините. Дали тоа ќе биде според бројот на жители, дали ќе биде според обемот на судот или незнам како, меѓутоа, во секој случај ако веќе се залагаме за децентрализација, би било логички комплетно сите оние 5о% кои остануваат би требао да припаднат на единиците на локална самоуправа.Тоа е мојата дилема која мислам дека држи место. Ако пак државата во буџетот сака да ги заврши приходите од паричните казни, тука ја гледаме и логиката и резонот, затоа што факт е дека, еве и од ребалансот на буџетот се гледа, а и од пртходно завршната сметка на буџетот кога го донесувавме, гледавме ако во нешто има пораст на наплатата на приходите од паричните казни, од административните казни, токму во тој дел буџетот и има порст. Дали заради тоа државата не сака, поточно не сака централната власт да го отстапи тој дел, кој во овој момент е нешто поголем отколку што тоа се правело. Значи, не сака да го отстапи на единиците на локална самоуправа целосно, туку еден ограничен дел. Тоа е едната дилема.

Втората дилема, дали со тоа што единиците на локална самоуправа нема да го приходуваат целосниот износ, дали на тој начин ќе ги дестимулираме кон наплатата на паричните казни кај овие казнени дела односно прекршоци. Затоа што, сепак, судовите се наоѓаат на местото или на подрачјето на општините. Доколку откоку се приходува односно тие средства одат во единицата на локална самоуправа целосно, значи покрај оние 50% наменски, мене ми се чини дека самите единици на локална самоуправа, па и самите судови ќе имаат поголем интерес да ја прават таа наплата односно да се приходува навремено, од проста причина што на тој начин и тие ќе имаат некој интерес од тоа, затоа што самата таа единица, со тие средства, покрај оние другите што ги предвидовме со законот, ќе има простор, за приходување и нормално да ги употреби за свои интереси.

Оттука, пак, ако е таква одредбата ќе се елиминира она што овде се вели сразмерно да се распределат оние 25%. Затоа што, тоа сразмерно може да значи субјективно, може да значи некаде да се прекршува одредбата на сметка на некој

помал во корист на некој поголем или обратно некоја помала општина во некоја поголема општина.

Од тие причини јас мислам дека предлагачот, би требало да го разгледа ова, овој став 3 да не постоеше, фактички целата измена на законот е во тој дел, не гледам зошто се менува ако се оди, само со едно парцијално решение, а не комплетно решение. За што, ако веќе одиме кон комплетна децентрализација, овој износ на средства е мал. Да не заборавиме дека ниту со Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа кој знае колку општините односно единиците на локална самоуправа и недобија. Се е сеуште доста децентрализирано и се е се уште во рамките во огромен дел во буџетот на Република Македонија.

Заради тоа, значи, ако одиме кон онаа децентрализација за која се залагаме за развој и на општините, особено на оние помалку развиени, мислам дека треба да им се дозволи барем на овој начин, покрај оние средства кои општините сами ги приходуваат и со овој начин, со собирање на средства 50% од вкупно собраните, да останат во буџетот на единиците на локална самоуправа, а не само 25%, затоа што тој износ е многу мал и не е доволен.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор?

Повелете г-ѓо Којзеклиска, имате збор, а потоа нека се подготви пратеникот Јанаќе Витановски.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Благодарам претседателе,

Јас ќе се потрудам да не го зборувам она што го зборуваше колегата Жарко Караџоски. Меѓутоа, овој закон, предлог за изменување на Законот за извршување на санкциите, сепак, се состои само од еден член, така што неизбежно е во еден дел да се повторат аргументите кој ги кажа госпоѓа Караџоски.

Имено, со предлагањето, на овие измени на Предлогот на законот за изменување на законот за извршубвање на санкциите, Владата исполнува дел од својата обврска да ја инструментализира одредбата од Законот за финансирање на единцците на локална самоуправа, каде е утврдено дека приходи на општините претставуваат и наплатените парични казни и за сторени казни кривични дела, како дел од фискалната децентрализација.

Овој член 231 вака како што е предложен ставот 1 и ставот 2, се сосема идентични во однос на делот на одредбата која постоеше во досегашнот закон за

извршување на санкциите. Значи, нов дел ни е само ставот 3 од овој член 231. Мислам дека е добро што овие два члена, два први става од овој член останаа како можност надлежното министерство 50% од наплатените парични казни да може наменски д ги користи за изградба, опремување и осовременување на условите за работа на установите и на правосудните органи. Ова го велам од причини што досега и покрај тоа што постоеше оваа одредба во Законот за извршувње на санкциите, сметам дека многу малку се инвестираше во осовременување, во изградба на правосудните органи или условите за работа во установите. Се надевам дека во иднина Владата овие 50%, како што се наведени во ставот 2, навистина наменскин ќе ги користи за осовременување на установите и на правосудните органи.

Меѓутоа овој став 3 кој се додава во членот 231 сметам дека јасно се гледа дека ние пак ја немаме потребната или нужната децентрализација, за која толку зборувавме во Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа или вистинската децентрализација, кога сепак 100% од вкупно наплатените парични казни, се упаќаат во буџетот на Република Македонија. Па, после 50%, од тие пари, треба да се трошат наменски за изградба на објекти, а останатите 50%, останатите 25% од 50% сразмерно се пренесуваат на буџетите на општините на Судот на чие подрачје ја изрекол казната.

Сега, јас би сакала да ја прецизирам оваа одредба со еден конкретен пример. Можеби министерот ќе најде забелешка, но за да можеме да ја разбереме суштината на оваа одредба, а која претставува доразработка на фискалната децентрализација, ќе дадам еден пример. Паричната казна изнесува 1000 денари за определено казниво дело.  Од тие 1000 денари, 500 денари остануваат во буџетот на Република Македонија со намера да се користат наменски за изградба на објекти. Од останатите 50%, значи 250 денари и тие остануваат во буџетот. Значи, вкупно од 1000 денари наплатена парична казна, 750 денари остануваат во буџетот на Република Македонија. 250-те денари што остануваат Сразмерно се делат на буџетите на општините на чие подрачје се наоѓа судот што ја изрекол казната. Сега, конкретно за Штип. Со постојната надлежност на судот во Штип тој ги покрива подрачјата на општина Злетово, Карбинци, Штип, со одделение во Пробиштип. Е, сега пресметајте. Тие 250 денари од една наплатена парична казна од 1000 денари, треба да се дели сразмерно на буџетите на овие општини кои постојат. Како податок кој сметам дека Владата и предлагачот требаше да го има предвид кога го предлагаше овој закон, сметам дека требаше да има изготвено анализа за обемот

на наплатените парични казни и колку се наплаќаат од паричните казни кои се изречени и тоа во насока на утврдување како приходи на единиците на локална самоуправа. Според која терторијална поделба, тоа допрв ќе го видиме, дали спореед 1996 година или оваа новата предложена од Владата. Исто така, во однос на процентот, за тоа зборуваше и колегата Караџоски, 25% врз основа на кој критериум Владата токму овие 25% ги зеде како параметар и фиксно го утврди износот процентуално дека треба да биде 25%, зошто да не биде 30%, зошто да не биде 40 или нека биде 50%, а остатокот да остане на единицита на локална самоуправа. Затоа, кај мене се јавува една доза на недоверба доколку овој закон се поднесува само за да се задоволи проформата за спроведување или инструментализирање на одредбата од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа за наплатените парични казни како приход на единиците на локална самоуправа и да им се даде некаков процент, во конкретниов случај 25% а притоа да немаме сериозна анализа на вистинските приходи кои ќе и бидат на соодветната општина. Затоа што, секоја пара, секој прилив на идните единици на локална самоуправа, секако дека ќе им значат многу. Значи, на нив и тоа им е потребно заради нормално функционирање согласно законот за финансирање на единиците на локална самоуправа и натамошен развиток на единиците на локална самоуправа. А, ова сепак, е приход што треба да остане на единиците на локална самоуправа. Затоа, сметам дека Владата треба да размисли дали овој процент треба да остане 25% и ако смета дека некои од овие аргументи кои ги кажав или ако се согласува со дел од аргументите кои ги кажав, сметам дека треба да се направи корекција на процентот кој ќе припадне сразмерно на буџетите на општините, на Судот кој ја изрекол Казната.

Ви благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодрам.

Овој пример со Штипскиот суд е илустративен, само јас би земал наместо 1000 денари, милион денари, па тогаш би делеле 250 иљади денари, а не би делеле 250 денари. Со иљада денари почетна цена, со милион денари веќе е друго, Јас зборувам вкупно. :

Повелете г-дине Витановкси.

ЈАНАЌЕ ВИТАНОВСКИ:

Благодарам, г-дине претседателе.

Почитувани колеги пратенци,

Еве, денеска имаме еден закон кој што е по мене дел од пакетот закони за децентрализација. Со овој закон за извршување на санкциите, во системот за извршување на санкциите, помеѓу другото е предвидено извршување на парична казна за кривични дела и прекршоци.

Според постојната одредба на членот 231 од постојниот закон е утврдено дека средствата од наплатени паричнки казни се упатуваат на буџетот на Република Македонија. И тоа е во ред. Сега, што се бар со овој закон. Со овој закон се бара првен основ за извршување на парична казна за сторени казнени дела да бидат дел од тие казнени дела, од парите да бидат дел на буџети на општините, односно дел на буџетите на локална самоуправа. Тоа го прави овој закон.

Спо предлогот за донесување на закон за изменување на законот за извршување на санкциите со предлог на закон се врши онаа една одредба на Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа во делот на извори на приходи на општините, каде што помеѓу другото е утврдено дека приход на општините ќе биде и делот од приходите од наплатени парични казни за сторени кривични дела и тоа во износ од 25%. Со предложената одредба се предвидува во овој закон за извршување на санкции членот 231 да се воспостави основ, значи овде со овој закон се прави правен основ дел од наплатените парични казни кои се приход на буџетот на Република Македонија да се наменат како приход за функционирање на единиците на локална самоуправа неопходно потребни за спроведување на роцесот на децентрализацијата. Овој закон го сметам како таков.

Во однос на самиот закон на одредбите за кој што зборуваа колегите, ќе дадам и јас еден мој коментар, за што впрочем зборевме и на комисиите кои го гледаа овој закон. Имено, во членот 1, овој што е 231, се вели дека средствата од наплатените парични казни се уплатуваат на ж-ро сметка на Буџетот на Република Македонија. И, сега, не коментирам за оние 50% од овие средства кои што ќе се наплатуваат, ќе бидат строго наменски средства за изградба, опремување, осовременувње услови за работа на установите од правосудните органи. Овој закон и суштината на овој закон е оние останати 50% од овие средства, каде се распределуваат. Како што рекоа и моите претходни дискутанти, колеги овде има една дилема. На пример овие средства што остануват 50% од уптените во Буџет на Република Македонија, сега вели 25% се внесуваат сразмерно во буџетите на оптините на чие подрачје се наоѓа судот што ја изрекол казната. Прво, дилемата е што со оние 25%. Тие средства остануваат во буџетот. Ако сакаме да ги подобриме општините и буџетите на општините, тогаш барем овие 50% што остануваат за

опрема и за изградба итн., но и овие останатите 50% да бидат дел од буџетите на локална самоуправа.

Втора работа е една дилема, а тоа е што ќе се случи со оние општини кои во својата општина немаат суд. Дали тие ќе бидат обесправени или пак каде што има седиште судот, а покрива повеќе општини, пак тие средства добиени по овој основ ќе бидат поделени сразмерно на општините. Тука е таа дилема и тие 25% средства кои што ќе ги имаат општините. Значи или ќе ги земе општината, каде што е седиштето на судот, или судот ќе ги подели тие средства на сите општини кои што ги покрива. Тоа во законот не е дадено и не е кажано, на кој начин тие средства ќе бидат распределени. И, дилемата за оние 25% што остануваат. Тие остануваат пак во Буџетот на Република Македонија, сонив ќе располага Буџетот и тие ќе ги распределува. Значи, остануваат само 25% како буџет на општините.

На крај, за мене е дилемата примената на овој закон. Ако е овој закон дел од паќетот на законите кои што ги донесовме за децентрализацијата, сите тие влегуваат во примена од изборот на новите совети, од изборот на градоначалниците, од средствата на новата локална самоуправа, а овде во предлогот на законот се вели дека овој закон ќе се применува од 1.01.2005 година. Дали не треба примената на овој закон да биде со изборот на новите совети, на новите градоначалници и изборот на новата локална самоуправа. Ете, тоа беа моите дилеми и ако може министерот да одговори.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок. Но, претходно ги молам пратениците да влезат во салата.

Службите нека го утврдат бројот.

(службите го утврдуваат бројот)

Да преминеме кон праксата, 10 минути течат за кворумот.

Ги молам сите пратеници да влезат во салата.

Молам службите уште еднаш да го утврдат бројот.

(службите го утврдуваат бројот)

На Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување на Законот за извршување на санкциите.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 64 пратеници, 59 пратеници гласале за, тројца гласале воздржано, двајца против.

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон?

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 59 пратеници, 55 за, два воздржани и два против.

Констатирајте го бројот, ве молам на пратеници во салата.

(службите го констатираат бројот на пратеници во салата)

Го повторувам гласање, бидејќи за време на гласањето беа 60 пратеници, сега се 61.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 63 пратеници, 59 за, два воздржани и два против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 63 пратеници, 59 гласале за, три воздржани, еден против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за извршување на санкции.

Ќе работиме додека имаме кворум.

**Минуваме на точката 16 - Предлог за донесување на закон за прекршоците.**

Предлогот за донесување на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Збор има пратеникот Цветанка Иванова, а потоа нека се подготви пратеникот Зоран Томиќ.

ЦВЕТАНКА ИВАНОВА:

Благодарам г-дине претседателе.

Колеги пратеници, г-дине министер,

Бидејќи се работи За сериозен закон што се донесува во две фази, мислам дека е потребно малку повеќе да продискутираме за содржината на предложниот закон, затоа што како пратеници сметам дека треба да имаме интерес за овој закон, со што практично се подига нивото на заштита на човековите права и слободи.

Околу потребата за донесување на овој закон доволно добро е образложена самата потреба во образложението на законот, но сепак би сакала да кажам дека од она што се слушна на комисиите, постои општ консензус кај сите пратеници дека има потреба од донесување на овој закон, потребата не само што произлегува од тоа што го кажуваме по сите закони дека е потребно нашето законодавство да го усогласуваме со Европското законодавство, дека има потреба да вградуваме светски стандарди, меѓународни стандарди во нашето домашно законодавство, но особено како посебно сакам да ја потенцирам потребата од донесување на овој закон, а тоа е продолжување на веќе отпочнатите реформи во судството, особено реформите во судските постапки, што еве , полека ги приведуваме кон крај. Ни претстои уште законот за парнична постапка, па потоа е потребно ние како Парламент да отпочнеме со структурални реформи во самото судство за да можеме да имаме успешни реформи во судството.

Посебна причина за донесување на овој закон е и потребата од одредбите од Законот за прекршоци да се усогласат со измените што ги направивме во Кривичниот законик и во Законот за кривична постапка.

Почитувани колеги, нема многу да должам околу потребата, затоа што не е спорна. Имаме консензус кај сите. Мислам дека треба да го донесеме овој закон. Добро е што овој закон предлагачот ни предлага да го донесеме во две фази, затоа што сметам дека само така, а сум приклоник на тоа становиште дека сите закони, а особено позначајните треба да се донесуваат во две фази. Се надевам дека помеѓу првата и втората фаза, предлагачот ќе организира доста јавни трибини и настапи на кои ќе учествуваат експерти и заинтересирани лица со што ќе можеме на крајот да го подобриме и да донесеме и доста квалитетен закон.

Новиот Закон за прекршочна постапка претставува симбиоза на одредби од стариот Закјон за прекршочна постапка, кој што сигурно се добри и вградување на нови одредби што практично ќе воведат реформи во целата постапка и во санкциите.

Значи, новината со овој закон е што целосно имаме редефинирање на санкциите. Веќе немаме казни, затоа што прекршокот претставува дело од помало општествено значење и затоа предлагачот смета дека со редефинирање на санкциите во системот на санкции, со тоа што веќе нема да постојат казни, ќе се постигне и целта на казнувањето.

Посебно сакам да нагласам дека во системот на санкции веќе не постои казната затвор, што е доста важно и значајно. Заменскиот затвор е како алтернатива за извршување на санкцијата глоба, што претходно беше парична казна. Доволно е разработен системот на паричната казна, особено на нејзиното извршување и добро е предложеното решение со кое што предлагачот предлага досегашните парични казни, сега глобата, да се извршува врз основа на одредбите на Законот за извршување и обезбедување, односно досегашниот Закјон за извршна постапка, без да се има право на приговор.

Посебната новина што сакам да ја потенцирам како особено значајна, е санкцијата општокорисна работа, затоа што досега имавме сериозни проблеми околу извршувањето на паричната казна, сега глоба и практично сторителите на прекршоци кои се имотно слаби и кои заменски нема да се сложат со заменската казна затвор или пак прекршокот е од мало значење, може да му се замени глобата со општокорисна работа.

Особено е значајна новината по однос на подобрување на ефикасноста во прекршочната постапка и тука особено значајно да се спомне дека со новиот закон за прекршочна постапка се предвидува еден нов институт на порамнување и спогодување. Тоа е во функција на ефикасност на постапките што практично ќе го решат она што е слабост, лоцираната слабост, а тоа е пренатрупаност на судовите, надлежните судови со прекршочни предмети што практично ги прават судовите неажурни.

Сега, со предложените решенија, предлагачот предлага претходно органот што го утврдил прекршокот, односно надлежен за прекршочна постапка за одредени прекршоци да може да поведе постапка, вонсудска постапка пред органот за порамнување и спогодување и на тој начин сметам дека ова е многу добро, одлично решение за ефикасност на постапките и растоварување на надлежните судови од прекршочните спорови.

Тука може да се спомне како позитивно, во насока на подобрување на ефиканоста на прекршочните постапки, издавањето на платен налог.

Една од особените слабости во сите постапки, па и во прекршочната е доставата. Како институт беше доста изигрувана од страна на сторителите на прекршоци за осуетување на прекршочните постапки и во крајна мерка дури застарување, со што не можеше да се постигне целта на прекршочната постапка и затоа со предложените решенија, што ги предлага предлагачот околу регулирање на институтот достава, овие негативности што беа претходно во прекршочната постапка во значајна мерка, не велам 100% , ќе бидат намалени, затоа што веќе прецизно имаме дадено решение кога се смета дека доставата е извршена, а знаете дека доставата претставува иницијален чекор за водење на самата постапка.

Нема понатаму да должам по однос на предложените решенија. Целта на мојата дискусија е да укажам на некои работи, да дадам свои мислења, сугестии и предлози со што би се подобрил текстот на законот, на почеток би сакала да констатирам дека имаме солиден стартен текст што подоцна, одкако предлагачот ќе ги земе во предвид сите мислења и предлози, сигурна сум дека ќе имаме доста добар закон за прекршоци.

Прво, би сакал да укажам на одредени недоследности во употребата на термините, особено тоа би сакала да го потенцирам кај употребата на терминитe-негативни казнени бодови, потоа би сакала да укажам на предлагачот при изготвување на текстот на законот, во сите оние одредби во кои што се спомнува или се повикува на одредбите на Законот за извршна постапка, би требало ова да се усогласи, бидејќи како што знаеме во прва фаза, во Собраниска процедура помина тој закон со нов назив, Закон за извршување и обезбедување.

Имам исто така забелешки на членовите, таму каде што се утврдени роковите, точно да се прецизира од кога тече рокот и при повикување на одредени членови исто така треба да се обрне внимание.

Сега би сакала конкретно по членови.

Имам една забелешка на членот 15, ставот 5. Сметам дека тој став е недоволно прецизен. Ставот 5 вели “Со Законот за прекршок, за изрекување на глоба на лице место може да се пропише одреден износ кој ...” Би требало тука оваа одредба да се преформулира, во смисла што, нема закон за прекршоци, туку со закон со кој се одредува прекршокот, затоа што во зависност од која област е прекршокот, таму е сместен истиот.

Понатаму, имам забелешка на членот 22 став 2.

Во член 22 се регулира забраната на управување со моторни возила. Таму во ставот 1 е кажано кога се изрекува забрана и во кој период се изрекува забрана за управување со моторни возила и дека забраната се запишува во возачката дозвола.

Во ставот 2, за тој што нема возачка дозвола, забраната за управување со моторно возило опфаќа забрана за стекнување на возачка дозвола во период од 30 дена до една година. Јас би дала сугестија овој став да се дополни, не само забрана за управување, туку и за стекнување со возачка дозвола затоа што оваа одредба се однесува точно на тие субјекти и предлагачот да прецизира каде ќе се запишува ваквата забрана за оние лица кои немаат возачка дозвола.

Друга моја забелешка е на членот 21 каде што е регулиран престанок на важње на возачката дозвола. Таму се предлага решение според кое на сторителот ќе му престане важењето на возачката дозвола доколку постигнал 100 негативни бода. Јас некаде сретнав дека тоа би требало да биде регулирано со Законот за безбедност во сообраќајот на патиштата, но сепак мислам дека би требало да се утврди во кој рок овие негативни бодови ќе треба да бидат направени.

Забелешка исто така имам на членот 25 на ставот 1. Со членот 25 е разработена санкцијата за задолжително лекување на алкохоличари и наркомани и во првиот став е регулирано задолжителното лекување во специјализирана установа, амбулантно.

Бидејќи во вториот став се регулира задолжителното лекување, присилно во специјализирана установа и во ставот 3 е одреден рокот на присилно лекување, бидејќи тука е предвидено да трае најмногу две години, би сакала да укажам дека во ставот 1, при задолжително лекување на сторителот на прекршок, во специјализирана установа нема одредено колку ќе трае рокот на задолжително лекување. Би требало предлагачот на текстот на законот овој рок да го утврди.

Во членот 29 став 1, зборот “прекршок” да се замени со “санкција”, затоа што судот може да ослободи само од санкција, до колку не е сторен прекршокот.

На членот 46 став 1 каде што е поимникот разработен односно значење на изразите на овој закон, сметам дека ставот 1 е грешка и би требало да се брише затоа што стопански престапи во нашиот правен поредок односно казнен систем, моментално нема. Сигурно тоа е некој пропуст.

Во главата - Постапка на порамнување и посредување, во членот 48, ставот 1 сметам дека последната реченица е непотребна и истата треба да се брише.

Сега малку би сакала да се подзадржам на она што го истакнав како позитивно во овој закон, а тоа е во функција на ефикасност на прекршочните постапки, во постапката порамнување и посредување, доколку сторителот го признае делото, органот кој е надлежен за поднесување на прекршочна пријава, да може да издаде платен налог. Одлично е решението, пак ќе кажам, во функција на ефикасни постапки каде предлагачот предлага доколку се постигне постапката на порамнување за одредени кривични дела, се издава платен налог и сторителот на прекршокот, до колку се согласи со плаќањето на глобата од платниот налог, заради тоа што со согласувањето практично се избегнува прекршочна постапка, трошоци, ангажирање на судии и тн., ќе ја плати, има право односно е дадено право да ја плати само половината од изречената глоба и да не ги плаќа трошоците на постапката. Сигурно дека ова решение е одлично. Ова решение е практично и ќе ги намали многу судските постапки односно судските предмети со што ќе се постигне она што ни е целта во реформите на судството, зголемување на ажурноста на судовите. Сега по примерот на ова решение, јас би сакала предлагачот да подразмисли за едно вакво исто решение, за царинските и другите прекршоци, кога тоа е определено со закон, а кое нешто е регулирано со членот 53.

Сметам дека и за овие царински и други прекршоци, потребно е да се даде можност, сигурно во Законот за царини или во другите закони каде се предвидени овие прекршоци, предлагачот, односно законодавецот ќе предвиди за кои царински прекршоци и за кои други прекршоци може да се има оваа привелегија, да се издаде и тука платен налог сега од страна на Комисијата и да се плати глобата половина од изречената и да не се плаќаат трошоци.

Забелешки исто така имам на членот 52 кој се однесува пак на негативните поени во сообраќајните прекршоци и таму во ставот 1 е предвидено, до колку сторителот на сообраќаен прекршок може односно надлежниот орган е овластен најпрвин да му предложи на сторителот на  прекршокот да ја плати предвидената глоба, или да ги регистрира негативните бодови во соодветна исправа, определена со закон. Јас сметам дека ваквото решение не е добро затоа што ќе бидат ставени во нерамноправна положба прекршителите во сообраќајот. Имено ќе се случи, оној што има пари и што е имотно помоќен постојано да ги плаќа негативните бодови, да прави сообраќајни прекршоци и никогаш да не му биде изречена сакнцијата, одземање на возачка дозвола, а оној пак што е слабо имотен, за секој најмал прекршок може да му се запишува негативен поен, а 100 негативни бодови или поени како ќе ги крстиме, се основ за изрекување санкција, неважење на возачка

дозвола. Сметам дека тука предлагачот треба да даде попрецизно решение за одредени прекршоци кои ќе бидат предвидени со законот во кој се предвидува прекршок, да може прекршителот да бира дали ќе ја плати глобата или ќе му се пише негативен бод, а за одредени прекршоци кои сигурно се потешки, да биде задолжително давање, односно пишување на негативен бод.

Забелешки имам на членот 89, на ставот 5. По се изгледа тоа е грешка. Тука е регулирана постапка за одземање на предмети и таму во ставот пред продажбата на одземените предмети е регулирано да се врши согласно одредбите од Законот за извршување на санкции. Оваа повидкувачка одредба мислам дека е грешка. Тука би требало да биде Законот за извршување и обезбедување, односно стариот Закон за извршна постапка, сега Закон за извршување и обезбедување.

Во членот 102 каде е дадено решение за записникот за претресот, во ставот 5 се наведени субјектите кои го потпишуваат записникот на претресот.

Јас и по повод измените и дополнувањата на Законот за кривична постапка, во мојот говор и таму предложив записникот за претресот да го потпише и обвинетиот и сеуште го држам тој став, значи покрај предвидените субјекти, а тоа се судијата и записничарот, записникот за претресот да му се даде можност да го потпише и обвинетиот.

Колеги пратеници, почитуван господине министер, тоа се моите забелешки, дел се доволно аргументирани за да можат да бидат внесени во текстот на законот, за дел сигурно ќе треба посериозно размислување. Сметам дека и овој пат дел од моите забелешки ќе бидат вградени, за што однапред се заблагодарувам и мислам дека треба да го поддржиме законот за прекршоци.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам госпоѓо Иванова.

Збор има пратеникот Зоран Томиќ.

ЗОРАН ТОМИЌ:

Почитуван претседателе, почитуван господин министер, колеги пратеници,

Пред нас имаме уште еден од законите кои доаѓаат од Владата на Република Македонија и тоа од Министерството за правда. Мора да кажам дека во поглед на потребата, и на комисиите, но и меѓу нас колеги пратеници, апсолутно сметаме дека има потреба од донесување на еден ваков закон, пред се од причина што станува збор од потребата за изнаоѓање на ефикасни инструменти со кои ќе се овозможи поедноставно забрзување на постапките за прекршоци, а исто така морам да го

кажам и фактот дека токму прекршоците придонесуваат во нашите судови да имаме еден огромен број на нерешени предмети.

Што се однесува до самиот закон, најпрвин би сакал да кажам околу неспорната потреба и фактот, иако таква, се оди во две фази, што е многу добро затоа што лично сметам дека сите овие наши забелешки кои произлегоа од телата на Собранието на Република Македонија, како и овие наши дискусии, предлагачот ќе ги земе предвид за онаа втора финална фаза. Самиот закон инаку е поделен во 30 глави, има 142 члена.

Веднаш на почетокот морам да кажам дека овој закон, за разлика од оној што денес е во сила, навистина е и суштински, но и содржински различен.

Во делот на моите забелешки јас би обрнал внимание на членот 2, бидејќи со ставот 1 од овој член се вели дека  на прекршочот и прекршочната одговорност се применуваат одредбите од општиот дел на Кривичниот законик.  Тоа навистина не би било воопшто спорно, сепак да направиме една попрецизна квалификација, што е тоа што се прифаќа од општиот дел на Кривичниот законик и што е она што треба да биде содржано во Законот за прекршоците. Така, тука основните начела навистина би останале, како што се јазикот, месната надлежност, понатаму бранител, обвинет, поднесоци, записници. Мојата забелешка е во поглед на роковите.

Што се однесува до самите прекршоци и санкции, знаеме дека тие, согласно овој предлог на закон се поделени во четири дела. Едниот е  прекршочни санкции за полнолетни сторители, вториот е за малолетници, третиот е за правните лица и четвртиот се оние посебни прекршочни мерки.

Сега доаѓаме до главата трета и мислам она што е најинтересно и за граѓаните и за јавноста, тоа е членот 13, прекршоците што за одговорни полнолетни сторители може да се изречат следните санкции. Првото е глоба, па имаме опомена, општо корисна работа, за што зборуваше мојата почитувана колешка.

Меѓутоа имаме тука и еден дел, тоа се вистински новини. Тоа е престанок на важење на возачка дозвола, забрана за управување со моторно возило, забрана на вршење  професија, дејност или должност, протерување  на странец од земја и задолжително лекување на алкохоличари и наркомани. Што е тука разликата? Разликата е во тоа што до скоро односно до донесувањето на Кривичниот законик, колку се сеќавате од минатото, овие беа мерки на безбедност кои ја пратеа кривичната санкција, а добро е што на ваков начин се уредени и се издвоени како посебен вид на санкции, односно во вид на прекршоци.

Она што посебно би ги интересирало сите граѓани, тоа е околу висината на глобата која е определена во членот 15 од Предлог-законот. Така што, за физичко лице се пропишува дека определениот паричен износ не може да биде помал од 15 ниту пак поголем од 1000 евра во денарска противвредност. Се поставува прашање дали овие глоби, посебно за физичките лица, за правните лица минимум е 50 максимум е 2000 евра во денарска противвредност, дали одговараат на степенот на нашата економска моќ, односно самата ликвидност и на правните лица, а посебно она што значи основна егзистенција и дали се сразмерни на степенот на развој на населението, односно неговата моќ. Мислам дека тука вреди да се подразмисли добро.

Сега околу некои поконкретни забелешки.

Интересна е одредбата од членот 18. Станува збор за заменски затвор. Значи заменскиот затвор трае додека сторителот не ја плати глобата, но најдолго 60 дена, сметајќи ги секои 15 евра во денарска противвредност, за еден ден заменски затвор. Ако веќе ваму одиме, во претходниот член што кажав да се види, јас мислам Министерството за правда сигурно врши одредени консултации со научни работници, стручни лица, експерти и некоја пракса, претпоставувам и од ЕУ. Укажувам на еден степен околу нашата економска моќ, во поглед на плаќање на овие прекршочни казни, дали сумата од 15 евра во денарска противвредност за еден ден заменски затвор е соодветна. Лично сметам дека може да се оди со поголем износ, во зависност од прекршокот. Меѓутоа оставам, конкретно и на Владата и на Министерството да размислат околу оваа моја забелешка или предлог.

Во другите делови, да кажам дека навистина самиот закон е лесно прифатлив, практичен и мислам многу ќе придонесе во она што на почетокот го кажав, ефикасноста на судовите, посебно во овој вид на реформа што се прави во правосудството, во делот на прекршоците.

Во одредбите застареност, јас и на ЗПК укажав на една забелешка што мислам дека е евидентирана. Прашањето ми е од кога почнуваат да течат роковите на застареност. Овде се дадени и релативни и апсолутни рокови, со тоа што фиксно е кажано дека прекршочна постапка не може да се поведе ниту да се води, ако помине една година од денот кога е сторен прекршокот.

Во праксата за одредени прекршоци велам спорно е времето на извршување на прекршокот. Имено, можно е да се случи времето да биде, да се открие во еден подолг временски период. Од тој аспект лично сметам дека треба да се размисли околу оваа одредба. Имам и еден конкретен предлог главата 9 да стане глава 1,

бидејки во главата 9 на овој закон станува збор за значење на изразите на овој закон. Ми се чини дека можеби е подобро и текстуално и правно технички поимите од прекршок па до она што значи правно одговорно лице, службено лице, овластено лице и т.н. да бидат сместени на самиот почеток како полесно би се применувале во практиката. Околу негативните бодови, мислам дека умесна е забелешката на колешката Иванова, она што го кажа да се поразмисли добро, бидејки навистина ќе се доведеме во нерамноправна ситуација со плаќањето на оние негативни бодови едноставно на некој сторител кој перманентно врши прекршоци во поглед пред се на сообраќајот, може да се доведе никогаш да не му биде одземена возачката дозвола. И конечно членот 89 околу постапката за привремено одземање на предмети, привремени мерки, привремена забрана. Мислам дека ставот 4 на овој член навистина треба да се преиспита особено што станува збор за привремено одземање на предмети кои се составен дел на прекршокот, бидејки имаме и такви предмети кои се лесно расиплива роба, или неговото чување можеби вреди повеќе отколку самиот предмет кој е предмет на прекршокот. Мислам дека тука може да се оди со една поблага варијанта во смисла да се знае рокот до кога ќе трае привремената постапка, или пак она што е убаво предложено во овојзакон, а тоа е членот 98 дека заради брзина на постапката судот обезбедува постојана работа во текот на 24 часа, овие постапки по привремено одземените предмети да бидат што поитни и што побрзо да се завршат. Од овие причини јас ќе го подржам, бидејки станува збор за квалитетно изработен закон со сите овие наши забелешки, укажувања и предлози, мислам дека ќе дојдеме до уште еден квалитетен закон од сферата на правосудството, а тоа е Законот за прекршоците, особено што навистина имаме едни големи новини. Битно се гледа дека овој текст на закон е направен по еден современ европски концепт и ќе биде лесно применлив во практиката.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор Жарко Караџоски.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Почитуван претседателе, претставници на Владата, колеги пратеници,

Денеска го имаме на дневен ред Предлогот за донесување на законот за прекршоците и полека на некој начин се заокружува оној дел што значи реформи во судската власт, или во таа трета власт преку носење на овие системски закони. На почетокот мора да признаам дека ме радува што предлагачот се одлучи со нов закон, но не со измени и дополнувања, иако можеби можеше и со таква варијанта, но

секогаш е подобро кога се оди со еден цел проект на закон, затоа што имаме повеќе прегледност и знаеме што се нуди и во секој случај неговата примена е многу полесна и поедноставна. Значи, во контекст на оние реформи за кои што се отпочна, еве полека покрај кривичното законодавство, Кривичниот закон, кривичната постапка скоро го разгледавме и го усвоивме и Законот за извршна постапка како прва фаза. Сега на дневен ред ни е законот за прекршоците и останува уште законот за процесна постапка. Значи, се она што значи имплементација на европските договори, полека ги усогласуваме и се она што значи потреба од донесување на овие закони со самото време кое што во голема мера ги надживеа и се она што значи спроведување на дело се утврди, се укажа навистина потребата од донесување на овие закони се со цел да имаме по ефикасна трета власт, или по ефикасно судство. Морам да кажам дека очекував дека минситерот за правда ќе има воведно излагање, затоа што сепак ова е еден битен закон, суштински закон и барем за едни вака битни закони би требало министерот за правда барем да не усмери, односно да даде едно уводно излагање за да сепак јавноста да биде на некој начин запозната што е тоа што се предлага. Но, тука сме ние пратениците, еве пратениците на позицијата ја презедоа таа улога да ја образложат потребата од донесување на закон, меѓутоа слушнавме и доста забелешки и тоа е добро.

Најнапред би сакал да се задржиме на она што е суштински. Да не заборавиме дека дискутираме за првата фаза, поточно за потребата од доенсување на овој закон и што е тоа што Министерството за правда како главен иницијатор го натера да поднесе еден ваков Предлог за донесување на закон. Ако го погледаме добро текстот на законот и во образложението кое ни се нуди, ќе видиме првата причина поради која што денеска го имаме на дневен ред овој закон е она што се вика намалена ефикасност кај реализација на овие прекршоци и дела, односно нивно завршување. Тука предлагачот ни доставил статистички податоци за периодот од 1997 до 2003, значи како се одвивала реализацијата, поточно извршувањето на овие санкции. И тука е тој податок кој што не може да се сокрие каде што во сите години последователно, значи дури и последната која е земена како репер имаме зголемвуање на прекршочните казни, односно на прекршочните предмети. И она што е алармантно е што расте бројот на заостанатите предмети, поточно оние предмети кои воопшто не се решени. И нормално и со право предлагачот се прашува која е смислата од постоењето на прекршочните казни и навистина е така. Досега додека сеуште не стапил овој закон на сила граѓаните на Република Македонија и не чувствуваат дека постои некоја прекршочна казна, затоа што во најмала рака

најголем број од нив завршуваат или по фиоките, или пак во делот каде што треба да се извршат неизвршени, или онаа популарна одредба која вели: застареност на овие дела. Значи тоа е едната причина.

Втората причина, ако се согледаат сите тие работи ќе се види дека токму кога не постои опасност една казна да се реализира и кога не се гледа ефектот од неа, нормално е да очекувате дека бројот на извршителите и казните, односно прекршоците ќе се зголемува од година во година. Сега тука предлагачот тргнал од две работи. Првата работа, кога размислувал, еве верувам дека и почитуваниот министер нормално бидјеки е министер за правда во сите оние разговори и договори и сите оние конвенции и сите оние предлози што сигурно ги имал на достап, споредби со другите земји, кога требало Министерството за правда да го изготви овој текст тргнал од две работи. Прво, дали со зголемвуање на степенот на казните, поточно строгоста во казните ќе дојдеме до цел бројот на прекршителите и бројот на прекршоците да се смали во Република Македонија, или треба да дојдеме до еден друг систем, односно систем на една поголема либерализација, поточно систем со кој што нема да се оди кон зголемување на тежината, односно големината на казните, туку кон еден поефикасен метод со кој што едно ќе се делува превентивно, а друго да имаме и поголема смисла од реализацијата на самиот закон во правец на тоа и државата да користи од прекршоците и тие да се намалат, односно и граѓаните да почувствуваат дека има ефикасност. И предлагачот тргнал од овој втор принцип кој што го кажувам, значи да се оди полека на згоемвуање на ефикасноста со она што сега овде се нуди. Во тој правец како прва и можеби најголема новина во овој закон е тоа што казната затвор се укинува. Гледано на прв поглед кога ќе слушнете и ако го слушнев сега тоа од министерот, како граѓанин  на Република Македонија, а не како пратеник и ако министерот овде од говорница кажеше, новина на овој закон е тоа што се укинува казната затвор, е добиев впечаток дека напротив со една таква мерка со укинување на казната затвор нема да дојдеме до онаа сакана цел, поточно нема да дојдеме до целта бројот на прекршоците и сторителите да се намали. Затоа што секогаш, па и кога учевме право, кога студиравме во некое поодамнешно време, казната затвор секогаш беше казна број еден. Потоа се воведоа казна доживотен затвор, претходно имаше и смртна казна, меѓутоа секогаш казната затвор е казна која е една од најстрогите и можеби најтешките. И сега на прв поглед кога ќе слушнете, се укинува казна затвор, а се заменува со казна глоба, доаѓа до сознание дека ние наместо да ги казнуваме прекршителите, ние на некој начин ги ослободуваме, или ги мотивираме на некој начин, па кажната не е страшна, можете

да продолжите и понатаму. Меѓутоа, тоа е оној прв впечаток. Ако понатаму го разгледаме и текстот и она што ни го нуди овде предлагачот ќе се добие токму оној обратен ефект кој што повторно ќе кажам, требаше министерот да го каже, односно да даде уводно излагање, затоа што ако ништо друго би било во негов правец, сепак да каже дека како министер направил нешто добро. Јас ќе ја искористам приликата, иако сум пратеник на опозицијата да спомнам една работа дека, ако оваа Влада нешто работи во овие две години и ако нешто добро дошло, мора да потврдам и реално да кажам дека тоа не доаѓа само од Министерството за правда, за жал, иако сите тоа го очекуваме од Министерството за економија, од Министерство за финансии и т.н. каде што сите очекуваме да живееме покомотно со еден повисок стандард, а не да гледаме какви казни ќе не следат. Но, и овој закон има една глобална, односно генерална тежина. Ако сакаме во правец на поголеми инвестиции треба да имаме и поголема правна сигурност.

Почитувани колеги, јас лично, бидејќи кога се носеше Кривичниот закон дадов позитивно видување и тој Закон оди во еден правец на промена на кривичните санкции, воведување на нови и т.н. и овој Закон е многу очигледно, ако добро се прочита дека го следи тој правец и треба да го следи како Кривичниот закон, така и кривичната постапка. И не случајно минситерот за правда прво отишол со предлози за Кривичниот закон, па кривичната постапка за да на крајот дојде прекршочната. Тоа не може да биде по обратен редослед. Значи, ако го следиме сега тој правец логички беше да се очекува овој нов систем на санкции кои што сега ни се предалга. Значи, глобата како основна и главна казна, кривична санкција во оној систем и во оној правец на алтернативно казнување, мислам тука треба да се напомене, потоа опомената, по општо корисната работа, престанок на важење на возачка дозвола, значи, овде да не мешаме она што беше претходно одземање на возачка дозвола, ова е престанок на важење, сосема нешто друго. Потоа во делот на кривичните санкции сега ги имаме: забрана на управување со моторно возило и забрана на вршење на дејност, професија, или должност.  И сега тука некој од правниците ќе каже, па што е тоа тука ново, тоа беше и претходно. Да, беше, меѓутоа тоа беа мерки за безбедност кој што сега се укинуваат и влегуваат во делот на кривичните, односно прекршочните санкции. Потоа доаѓа протерување на странец од земјата и задолжително лекување на  алкохоличари и сега додадено е и наркомани, затоа што таква ни е состојбата. Не би сакал да одам поодделно на секоја од оваа санкција, затоа што сметам дека доста добро е разработена целата таа материја. Не би сакал да елаборирам во делот на тоа дали глобата како основна прекршочна санкција е

добро решение во правец на тоа дали е износот од 15 евра до 1000 евра адекватен, или за правните лица 2000 евра, значи дали е адекватен на нашата економска моќ. Меѓутоа во основа кога се одредува санкција неслучајно се става минимална и максимална граница што не смета дали ќе биде 1000 евра за физичко лице максимална, затоа што економската состојба, моќта на сторителот ќе ја цени самиот судија кога ќе пресудува по однос на овие санкции. Во секој случај треба да не заборавиме дека во Република Македонија, а не само во Република Македонија, туку и секаде во светот санкцијата глоба, или парична казна, како сакате може да биде казна само доколку ја чувствуваат сите сторители подеднакво. Ако нивната имотна состојба е различна, затоа постои минимална и максимална граница за да секој зависно колку средства има, ја почувствува како казна. Инаку, не би било добро да одиме со фиксни и мислам дека и одредбата ваква каква што стои нема да смета за примената. Јас би сакал да го искористам овде присуството на минситерот и да укажам на една забелешка која што вака читајки го ми падна во очи, а тоа е во делот на застапувањето на обвинетиот, поточно глава 13 обинетиот и неговото право на одбрана. Меѓутоа, министре ние и јас и вие сме сведок на една работа која во континуитет ни се повторува. Кога станува збор за застапување на обвинет во Република Македонија не честа е пракса обвинетиот да добива помош, односно правна помош и од лица кои не се адекватни и не се стручни да ја даваат. И неслучајно н амногу трибини покренати од Адвокатската комора и слично се покренало тоа прашање и не само во овој закон, туку и во оној нареден кој што го очекувам, тоа ќе биде законот за парнична постапка и управна каде што треба да се регулира како треба да биде тоа застапување и претставување, односно на обвинетите, односно на странките.

Овде во глава 13 никаде нема одредба со која може да се види кој може да биде застапник на обвинетиот. Освен што се зборува во член 58 за обвинет, а потоа член 59 каде што се зборува за застапување на правно лице, нема одредба која може обвинетиот како физичко лице да го застапува. Дали тоа значи генерално секој, или можеби намерно не е ставено за да се даде право на обвинетиот да избере. Меѓутоа јас сметам дека треба да се нотира, ако ништо друго да се каже кој не може да биде застапник за да се утврди тоа. Очекував дека во понатамошниот текст на законот кога ќе се чита понатаму, значи во глава 15 каде што стои бранител, очекував дека таму нешто ќе биде кажано. Меѓутоа и тука нема член каде што може да се каже, односно да се види кој може да биде бранител на обвинетиот. Ако во оваа прва категорија за која што зборува во глава 13 и можеби нема простор за

таква одредба, меѓутоа во оваа дефинитивно има. Значи, ако го прочитаме членот 63 каде што се вели дека обвинетиот кој прими уредна покана за распит може да го отповика полномошното на својот бранител, значи прв член во главата 15, бранител, зборува за отповикување на бранител, а воопшто не зборува кој може да биде бранител. Не е лошо и овде да стои, затоа што кривичната и прекршочната во основа не се идентични. Сепак, во кривичната постапка има некои кривични дела каде што имаме застапување по службена должност, имаме потешки кривични дела и т.н. Јас сепак сметам дека овде би требало да стои, не би менувало ништо.

Сега, би се задржал малку, со оглед на тоа што времето изминува, мора да напоменам дека во делот на прекршочните санкции, овој закон, оваа новина, овој текст кој сега ни се нуди како прекршочни санкции мораше да опфати глава на прекршочни санкции на правни лица. Тука е илузорно да разговараме дали е потребно да влезе и колкава ќе биде таа глоба, затоа што да не заборавиме дека Кривичниот закон воведен од таква санкција нормално е и во прекршоците да постои таква санкција.

Како прва и основна казна и кај нив преовладува глобата само што други се начините односно казните се повисоки, како и привремената забрана за вршење на определена дејност.

Овде морам да напоменам дека одредбите за втората казна се во согласност со она што значи вршење на определена дејност и што значи забрана затоа што сепак тука имавме доста проблеми во онаа друга мерка која постоеше надвор од овој закон.

Ме радува почитуван министре што во овој закон, како предлагач, ја внесовте и ја воспоставивте односно го воспоставивте со предлог и кривично правниот институт - конфискација на имот, како и одземање на имот на корист прибавена со прекршок. Мислам дека токму ова ќе придонесе за реализација односно за наплата на прекршоците односно казните од прекршоците и сепак кога и во Кривичниот закон тоа се внесе, аналогно мора да се примени, меѓутоа, сметам дека токму оваа новина заедно со другите ќе даде позитивен сигнал во делот на реализација, затоа што она што можев да прочитам, една од основните причини поради која се носи, покрај она што ја кажав, е и делот на поефикасна реализација на самите прекршочни казни.

Во делот на скратување на роковите, навистина тежок проблем односно ефикасноста во тој дел, постапките да траат што пократко, тука има новини во делот

на доставата, исто така еден тежок проблем, на некој начин овие решенија со самиот факт што не се преоптоварени, има поедноставни решенија во дело како ќе се достави и кога ќе се смета нешто дека е доставено, има добри решенија, но пак ќе кажам во контекст на она што претходно го усвоивме.

Кај малолетниот сторител нема кој знае какви новини, дисциплинските мерки и мерките на засилен надзор не се нешто непознато во прекршочната постапка, тоа сме го имале, нешто е поразработено во согласност со оние конвенции кои препорачуваат во овој дел да бидат.

Сега, можеби е дискутабилно дали во овој закон треба да се внесат и постапката за порамнување и посредување, како вон судско решавање, ова ме потсетува малку на една граѓанска постапка. Можеби како едно решение да се дојде вон судско решавање на споровите е добро, можеби е нормално за некои подемократски, поразвиени земји, меѓутоа кај нас многу тешко ќе оди оваа работа затоа што тешко дека кај нас некој ќе води вон судски спогодби, затоа што ние сме научени и како граѓани на оваа држава претежно да ги оствaруваме нашите обврски, но преку казна. Инаку самоволно, самоиницијативно тешко би одело, но добро, не е лошо да стои макар да не очекувам дека кој знае што во овој правец нешто ќе се случи.

Можеби една од поголемите новини е воведување на институтот за одржување за кое би сакал нешто да прозборам, тоа е она што во кривичната постапка се вика притвор.

Членот 79 доста интересно и опширно ги нотира и ги кажува кои се тие услови. Јас не знам дали воопшто оваа одредба во членот 79 е воопшто потребна овде како мерка за обезбедување на обвинетиот, навистина е новина, но не знам дали е потребна. Сепак се ова прекршоци, казните се тие што се.

Кај оние случаеви каде не може да се утврди идентитетот на сторителот или ако нема престојувалиште во Република Македонија, можеби има оправданост во задржување, меѓутоа, кај оние генерално, еве ќе привршам, поради основано сомневање во повторување на прекршок, мислам дека тука во тој дел нема да биде некоја кој знае применлива работа.

Во однос на другите горе - долу држат.

Кај приведување на лице затечено при извршување на прекршок каде и без наредба на судот може да се одреди. Тука треба да се види и уставниот основ дали може без наредба или не, да се провери.

Но, добро, се на се, бидејќи времето изминува, јас ќе завршам, сметам дека Законот во целина е добар, текстот што ни се нуди освен оние неколку забелешки кои и колегите ги изнесоа, јас не се задржав многу на нив, е добар и добро е што се оди во редовна процедура за да имаме ваква расправа и за да можеме да го слушнеме и нашето мислење, но и мислењето на стручната јавност и се надевам и сигурен сум дека ќе дојдеме до добар текст на законот.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Караџоски што ми оставивте една минута да прашам дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Продолжуваме утре во 10,00 часот, а ќе работиме до 16,00 часот.

Затоа ве молам првите 30 минути после 10,00 часот да не ги губиме, да не се чекаме.

Седница прекина со работа во 17,00 часот.